**Република Северна Македонија**
**Republika e Maqedonisë së Veriut**
**СУДСКИ СОВЕТ НАРЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**ул. “Македонија“ бр.5, 1000 Скопје |** тел.**02/3218 130** факс.**02/3218 131 | contact@ssrm.mk**
**Rr. ”Makedonija” nr. 5, 1000 Shkup |** tel.**02/3218 130** faksi.**02/3218 131 | contact@ssrm.mk**

Бр. ____________
_______________
СКОПЈЕ

# З А П И С Н И К
## од 486-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

**Скопје, 15.05.2024 година**

Седницата се одржа на ден 15.05.2024 година со почеток во 11,04 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Весна Дамева**, претседател;
- **Ханиф Зендели**, заменик претседател;
- **Сашко Георгиев**, член
- **м-р Антоанета Димовска**, член;
- **Лорета Горгиева, член;**
- **м-р Ивица Николовски**, член;
- **Мирсад Суроји**, член;
- **м-р Миљазим Мустафа**, член;
- **м-р Селим Адеми**, член;
- **Павлина Црвенковска,** член и
- **м-р Тања Чачарова-Илиевска**, член.

Отсутни членови:

- **Беса Адеми**, претседател на Врховен суд на Република Северна Македонија, има доставено известување по е-маил дека поради претходно закажани работни обврски не е во можност да порисуствува на седницата
- **Кренар Лога**, министер за правда, уредно поканет

Присутни од стручната служба:

- Весна Толева, ВД Генерален секретар
- Емилија Николиќ, државен советник
- Александра Шоптрајанова –технички секретар

Седницата е отворена за јавноста и се констатира присуство на медиуми, преставници од невладиниот сектор и и друга поширока јавност.

Согласно чл. 8 ст. 1 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, седницата ја отвори и со неа раководеше **претседателот на Советот, Весна Дамева.**

**Претседателот на Советот, Весна Дамева** откако го констатира присуството на членовите на Советот, го изложи Дневниот ред предложен за денешната 486-та седница на Советот. Пред да отвори расправа по

предложениот дневен ред побара доследно почитување на Деловникот за работа од страна на сите членови на Советот. Од членовите на Советот побара да се придржуваат на деловникот со цел дискусиите да не траат неограничено долго и да се оневоз,ожи одолговлекување на седниците и нивно долго траење Во таа насока укажа и побара почитување на член 12 ст. 7 и 8 од Деловникот за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија, според кој член на Советот кој е известител по одредено прашање може да излага најмногу 15 минути, а со одобрение на претседателот на Советот и повеќе од 15 минути и член на Советот може да дискутира по определено прашање од дневниот ред најмногу 5 минути со право на повторна дискусија од дополнителни 3 минути.

Во продолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева** отвори расправа по предложениот дневен ред за 486-та седница на Советот.

Откако констатира дека никој од членовите на Советот не се јави за збор П**ретседателот на Советот Весна Дамева** предложи да се усвои дневниот ред предложен за 486-та седница на Советот.

По гласањето констатира дека, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е усвоен следниот

## ДНЕВЕН РЕД

1. Утврдување на кандидатски листи по објавен оглас за избор на членови на Судскиот совет на РСМ од редот на судиите и тоа: 1 (еден) член од редот на судиите од Врховниот суд на РСМ и 1 (еден) член од редот на судиите од апелационо подрачје Битола;

2. Формирање на Комисија за спроведување на избор на членови на Судскиот совет на РСМ од редот на судиите;

3. Донесување на решение за спроведување на избор на членови на Судскиот совет на РСМ;

4. Донесување на одлука за заклучување на Судскиот изборен именик;

5. Разгледување на Извештај на Комисијата за рангирање на кандидати за избор на судии на Врховен суд на РСМ;

6. Расправа по доставени приговори на решенија за редовно оценување на судии/претседатели на судови врз основа на доставен Извештај на комисијата;

7. Утврдување престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија;

8. Донесување на Одлуки за избор на судии поротници на Основен суд Кавадарци и Основен суд Струмица;

9. Донесување на Одлука за објавување на оглас за избор на претседатели на Основен суд Кочани и Основен суд Охрид;

10. Одлучување по известување за утврдена фактичка состојба по поднесено барање за утврдување на одговорност на судија/претседател на суд и

11. Разно.

**Точка 1**

**Утврдување на кандидатски листи по објавен оглас за избор на членови на Судскиот совет на РСМ од редот на судиите и тоа: 1 (еден) член од редот на судиите од Врховниот суд на РСМ и 1 (еден) член од редот на судиите од апелационо подрачје Битола**

По однос на 1-та точка од дневниот ред П**ретседателот на Советот Весна Дамева** информираше дека во врска со објавен оглас за избор на членови на Судскиот совет на Република Северна Македонија од редот на судиите и тоа еден член од редот на судиите од Врховниот суд на Република Северна Македонија и еден член од редот на судиите од апелационо подрачје Битола согласно чл.13 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, формирана е комисија за подготвување на кандидатски листи, која има изготвено извештај и кандидатски листи кои се објавени на WEB страната на  Советот.

Во продолжение збор даде на **членот на Советот Сашко Георгиев**во својство на претседател на комисијата за подготовка на кандидатски листи, за проверка на пријавите на кандидати по оглас за избор на член на Судски совет на Република Северна Македонија од редот на судиите на Врховниот суд на Република Северна Македонија и од редот на судиите на апелационо подрачје Битола. да го презентира извештајот.

**Претседателот на комисијата** за подготовка на кандидатски листи, за избор на член на Судски совет на Република Северна Македонија Сашко Георгиев пристапи кон презентација на извештајот. Истакна дека Комисијата на состанокот одржан на 03.04.2024 година согласно член 12 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија и објавениот оглас во Службен весник на РСМ“ бр.28/2024 од 07.02.2024 година ги разгледала и извршила проверка на доставените пријави во поглед на навременоста, исполнетоста на условите од член 11 и комплетноста на пријавите со потребните документи.По разгледување на пријавите Комисијата утврдила дека по огласот за избор на 1(еден) член на Советот од редот на судиите од апелационо подрачје Битола, се пријавени 4 (четири) кандидати, а за избор на 1 (еден) член на Советот од редот на судиите од Врховниот суд на Република Северна Македонијасе пријавени 2 (два) кандидати. По однос на навременоста на пријавите, **претседателот на Комисијата Сашко Георгиев** наведе дека комисијата утврдила дека кандидатите навремено ги доставиле пријавите за член на Советот до Судскиот совет на Република Северна Македонија.Во делот на комплетноста на документацијата доставена кон пријавите, а согласно член 12 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија и објавениот оглас, претседателот на комисијата информираше дека по разгледување на комплетната документација и пријавите за сите кандидати, комисијата ја утврдила следната состојба:Од кандидатите пријавени за избор на член на Советот од редот на судиите од апелационо подрачје Битола било констатирано дека пријавениот кандидат Александар Камбовски доставил уредна и комплетна документација, согласно член 12 став 2 алинеја 4 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија и објавениот оглас додека кандидатите Анита Милошевска, Александра Поп Стефанија и Татјана Сусулеска кон пријавата не доставиледоказ дека го исполнуваат условот утврден од член 11  став 1 алинеја 3 од

Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија - дека не им е изречена со правосилна одлука дисциплинска мерка намалување наплата во висина од 15% до 30% од месечната плата во моментот на објавувањето на огласот.Со оглед на околноста да станува збор за податок со кој Судскиот совет на Република Северна Македонија располага во својата евиденција претседателот на комисијата истакна дека комисијата наведениот податок го обезбедила од податоците со кои располага Советот.По обезбедување на наведените податоцикомисијата констатирала дека на кандидатите Анита Милошевска, Александра Поп Стефанија и Татјана Сусулеска со правосилна одлука не им е изречена дисциплинска мерка намалување наплата во висина од 15% до 30% од месечната плата во моментот на објавувањето на огласот.За пријавениот кандидатза избор на член на Советот од редот на судиите од апелационо подрачје Битола, Татјана Сусулеска претседателот на комисијата појасни дека од страна на комисијата било констатирано дека овој кандидат кон пријавата не доставил идоказпотврда за судиски стаж издадена од претседателот на Апелационен суд Битола што преставува задолжителен елемент на пријавата согласно со чл.12 ст.2 алинеа 1 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија. Поради наведеното во делот на судискиот стаж комисијата како доказ дека кандидатот го исполнува условот за потребниот судиски стаж прифатила одлука за избор на судија на Апелационен суд Битола бр. 07-1705/1 од 27.08.2008 година доставена од кандидатот Татјана Сусулеска,а донесена од Судски совет на Република Македонија.По однос на кандидатите пријавени за избор на член на Советот од редот на судиите од Врховниот суд на Република Северна Македонија претседателот на Комисијата информираше дека е констатирано дека двајцата пријавени кандидати согласно член 12 став 2 алинеја 4 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија и објавениот оглас, доставиле уредна и комплетна документација. Претседателот на комисијата во продолжение истакна и дека пријавенипт кандидат Анита Милошевска судија на Основен суд Битола која се кандидирала за избор на член на Советот од редот на судиите од апелационо подрачје Битола со посебен поднесок ја повлекла својата кандидатура, поради што како кандидати од ова апелационо подрачје остануваат кандидатите Александар Камбовски, Татјана Сусулеска и Александра Поп Стефанија.Во продолжение на своето излагање претседателот на комисијата, **членот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека во

делот на обврската/надлежноста на комисијата за изготвување на кандидатски листи превидена во член 13 став 2 од Законот за Судски совет на Република Северна Македонијачленовите на комисијата изразиле различни ставови. Во таа насока информираше дека членот на комисијата м-р Ивица Николовски по однос на апликацијата на кандидатот Исамедин Лимани, судија на Врховен суд на Република Северна Македонија кој се пријавил на општата листа за член на Судскиот совет на Република Северна Македонија смета дека е недозволиво од причини што структурата на Советот е дефинирана и предвидена во чл.104 од Уставот на Република Северна Македонија, а составот на членовите на Советот е предвиден и разработен во Законот за Судски совет на Република Северна Македонија. Со примена на одредбите одЗаконот за Судски совет на Република Северна Македонија со кои се регулира составот на Судскиот совет за него било јасно зошто бројот 8 неможе да биде број 9 или зошто бројот 3 неможе да биде број 4. Во продолжение претседателот на комисијата наведе дека овој член на комисијата сметал дека сегашниот состав на Судскиот совет го исполнува уставното и законско решение предвидено во чл.8 ст.1 алинеа 2 каде е наведено дека 8 члена на Советот ги избираат судиите од своите редови од кои 3 од избраните се припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија при што ќе се запази соодветната и правична застапеност на граѓаните од сите заедници. Согласно наведеното истакна дека членот на комисијата м-р Ивица Николовски сметал дека има законска пречка кандидатот Исамедин Лимани, судија на Врховен суд на Република Северна Македонија да биде кандидат на општата листа од Врховниот суд на Република Северна Македонија.Претседателот на комисијата, **членот на Советот Сашко Георгиев** во продолжение на презентирање на извештајот истакна дека ставот на членот на комисијата м-р Селим Адеми по однос на ова прашање бил дека истиот не се согласил со тврдењата на членот на комисијата м-р Ивица Николовски од причини што Законот за Судски совет на Република Северна Македонија поточно член 11 и член 12 ги пропишуваат условите и начинот на кандидирање, согласно кои според членот на комисијата м-р Селим Адеми кандидатот Исамедин Лимани, судија на Врховен суд на Република Северна Македонија доставил целосна документација. Поради наведените причини овој член на комисијата предложил пријавата на овој кандидат да биде прифатена. **Претседателот на комисијата Сашко Георгиев** истакна дека по однос на ова прашање неговиот став е дека апликација на

судијата Исамедин Лимани за член на Судскиот совет на Република Северна Македонија од редот на судиите од Врховен суд на Република Северна Македонија нема пречки да биде прифатена од причини што во чл.11 од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија конкретно се наведени условите кои се битни за апликацијата за член на Судски совет. Воедно, по негово убедување и самиот оглас кој е објавен во Службен весник ги цитирал одредбите од Ззаконот без да наведува дополнителни причини и услови, особено не по основ на нациионална припадност. Од тие причини истакна дека смета дека суштината на законодавецот е во Советот да има преставник од Врховниот суд на Република Северна Македонија без при тоа да има дефинирано од која националност би бил истиот. Во ваков случај доколку овој кандидат биде избран за член на Советот смета дека истиот би бил преставник на Врховниот суд на Република Северна Македонија како судија без право да го користи принципот на бадентерово мнозинство. Поради наведеното истакна дека смета дека нема пречки овој судија да биде кандидат кое нешто го црпи и од законот и од праксата на ЕСЧП како и од неодамна спроведениот избор на член на Советот на ЈО од редот на националностите како толкување на ова прашање.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** отвори расправа по извештајот за подготовка на кандидатски листи, за проверка на пријавите на кандидати по оглас за избор на член на Судски совет на Република Северна Македонија од редот на судиите на Врховниот суд на Република Северна Македонија и од редот на судиите на апелационо подрачје Битола, објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.28 од 07.02.2024 година, презентиран од страна на претседателот на комисијата за подготовка на кандидатски листи, за избор на член на Судски совет на Република Северна Македонија, Сашко Георгиев.

За збор се јави **членот на Советот м-р Ивица Николовски**истакна дека како член на комисијата за подготовка на кандидатските листи има поинакво мислење бидејќи смета дека апликантот Исамедин Лимани има уставно, законско, правна пречка да биде кандидат на општата листа за член на Судскиот совет на Република Северна Македонија како кандидат од Врховниот суд. Истакна дека е воспитан и изграден во демократски дух и како граѓанин е поборник за граѓанскиот концепт во општеството кое нешто најнапред му дава обврска да ги почитува правата на сите заедници,

но како припадник на мнозинската заедница има право и да бара почитување. Од друга страна како правник и како судија има обврска да биде правно издржан и правно реален.Дополни дека уставотворецот и законодавецот на ова прашање посветиле доволно внимание и дека  структурата на Судскиот совет на Република Северна Македонија е јасно определена во чл.104 од Уставот. Во насока на необременување на времето членот на Советот м-р Ивица Николовски истакна дека во продолжение исклучиво ќе се задржи на делот на припадноста на судиите. Истакна дека и во Уставот и во Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија е предвидено дека Советот се состои од 8 судии од кои 3 се припадници на заедниците при што е водено сметка за правична застапеност. На истиот начин како и во Уставот ова е прифатено и во Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија и така е постапувано. Во чл.12 од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија е наведено дека кандидатите за член на Судскиот совет на Република Северна Македонија својата кандидатура ја поднесуваат писмено до Советот, при што во алинејата 5 како услов е наведено поднесување на изјава за која листа се пријавуваат. Според чл.13 ст.1 алинеа 1 и 6 кандидатските листи се подготвуваат по изборни единиции, во алинеа 1 како општа листа на кандидати од Врховниот суд на Република Северна Македонија и во алинеа 6 како единствена посебна листа на кандидати на судиите припадници на сите заедници кои не се мнозинство во Република Северна Македонијаза целата територија на Република Северна Македонија. Во чл.16 од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија е предвидено дека при изборот  на членовите на Советот од редот на судиите се зема предвид застапеноста на членовите од подрачјата на сите апелациони судови, па меѓудругото во алинеа 6 и 7 се кажува  дека двајца членови се избираат од редот на судиите припадници на заедницата која е повеќе од 20% од населението во Република Северна Македонија, а еден член се избира од редот на судиите припадници на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Северна Македонијаод страна на сите судии запишани во Судскиот изборен именик. Во продолжение членот на Советот м-р Ивица Николовски истакна дека во членот 17 не случајно се барала национална припадност. Дополни дека доколку се земат во предвид сите овие одредби тогаш јасно се давало до знаење зошто бројот 8 неможе да биде број 9 и не случајно тука уставотворецот посветил посебно внимание за разлика од

другите општи одредби каде што не оперира со бројка, туку кажува да се земе во предвид правична застапеност итн... Наведе дека смета дека во овој случај бројката е јасно наведена и од тие причини бројот 3 неможе да биде број 4. Од друга страна истакна дека ова прашање не е прв пат отворено во Советот дополнувајќи дека Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија е донесен 2006 година, денес е 2024 година и во тој период има измени и е интервенирано во други делови на законот, но во овој дел нема промени. Тоа значело дека наназад ова прашање било поставено во Судскиот совет и секогаш се третирало на начин како што сега се обидува да го појасни. Дека е тоа така наведе дека потврдуваат изборните резултати за првиот избор на членови на Судскиот советна Република Северна Македонија. Од сајтот на Министерството за правда можело да се види како се постапувало по ова прашање. Во Судски изборен именик на ниво на Врховен суд на Република Северна Македонија има општа листа на која бил избран кандидат од мнозинска заедница и посебна листа на која бил избран кандидат од редот на другите заедници. Понатака од записник од одржана седница на Советот во 2018 година видно било дека ова прашање било два пати поставено. Оваа 2018 година во Судскиот совет на Република Северна Македонија имало апликант од мнозинската заедница кој аплицирал на посебната листа а истотака имало и обратна ситуација кога апликант од редот на другите заедници аплицирал на општата листа. Ставот на Судскиот совет на Република Северна Македонија тогаш бил дека имало уставно правни пречки. Дополни дека затоа и на оваа седница истиот став како што сега  го предлагаат  дел од членовите на Советот кое се сега присутни тогаш го гласале. Од тие причини наведе дека сега не гледа кои се тие изменети околности денес при исти уставни и законски одредби да го сменат мислењето. Од друга страна истакна дека сака да праша: „Дали припадниците од немнозинската заедница би се согласиле судиите од мнозинската заедница да аплицираат на нивната листа и со тоа да не се поремети структурата и составот на Советот онака како што е предвидено и во Уставот и во Закон. Во продолжение членот на Советот м-р Ивица Николовски истакна дека смета дека на ова прашање е посветено доволно внимание земајќи во предвид никој да не биде загрозен, а од друга страна да се почитуваат правата како граѓани без оглед дали станува збор за мнозинска или малцинска заедница. Од тие причини наведе дека во случај кога има пракса наназад бидејќи овие законски одредби се применуваат цели 18 години и никогаш немало нивни

измени, туку секогаш кога припадник на немнозинска заедница ќе аплицирал на мнозинската листа имало уставни и законски пречки и неговата кандидатура била одбиена, а истотака кога припадник судија од мнозинската заедница аплицирал на посебната листа неговата кандидатура истотака била одбиена. Практично тоа би значело дека во Советот во близок период ќе има престанок на мандатот на еден од припадниците на немнозинската заедница, па дали Советот ќе дозволи во иднина на таа листа на тоа испразнето место за член на Судскиот совет да аплицира припадник на мнозинската заедница и дали ако Советот заземе таков став во иднина нема да се наруши балансот? Дополни дека тој лично е убеден дека балансот ќе се наруши. Во продолжение истакна и дека знае како е дојден во Советот, знаат и членот на Советот Сашко Георгиев и останатите, но дека треба да се почитуваат, а друго е прашањето ако и Уставот и Законот утврдат дека ова прашање има недостатоци и треба да се измени, но сегашната правна состојба смета дека е таква. На крајот на своето излагање членот на Советот м-р Ивица Николовски наведе дека ова се причините поради кои имал издвоено мислење и дека смета и убеден е дека јасно е определена структурата на Судскиот совет на Република Северна Македонија и јасно е определн начинот за да ова тело биде комплетно.

**Членот на Советот Сашко Георгиев** во реплика истакна дека го почитува мислењето и определбата на колегата м-р Ивица Николовски кои беа изнесени, но истотака смета дека е тесна границата при определувањето дали е во право или не е во право. Во продолжение истакна дека неговото убедување произлегува од законот, поточно од чл.12 кој вели дека секој судија од Врховниот суд на Република Северна Македонија има право да аплицира како кандидат зачлен на Судскиот совет на Република Северна Македонија и од таму го црпел тоа право бидејќи не било наведено од која националност треба да биде судијата. Во таа насока постави прашање: „Дали ова значи дека во иднина секој преставник од Врховниот суд има ексклузивно право на кандидатура само по национална основа“? Во делот на гласањето и изборот во 2018 година наведе дека тој крајот на 2018 година бил во Советот и по однос на прашањето кое на денешната седница е наведено како пример тој и уште еден колега гласале за поддршка на тогашниот кандидат, дополнувајќи дека станувало збор за судијата Славчо Тасев, но за жал Советот како пракса донел одлука со која ја ограничил неговата

апликација. После 2 години, односно во 2020 година Советот добил одлука за повредено право од ЕСЧП каде што сеуште има некои незавршени постапки по однос на тоа како да му се оствари правото на овој судија кој веќе е и во пензија. Дополни дека тогаш гласал за поддршка на овој кандидат кое нешто можело да се провери и од листинзите, дека може да аплицира. Во продолжение истакна дека судиите се тие кои при изборот одлучуваат кој ќе биде кандидат односно кој ќе ги претставува во Судскиот совет на Република Северна Македонија, а конкретната апликацијата со оглед дека ги исполнува условите смета дека нема пречка бидејќи со тоа по негово убедување уставотворецот во овој дел утврдува дека должно и загарантирано право е за тие три места да бидат од редот на националностите, а за останатите услов е да биде судија, а не е утврдена националноста. Во продолжение членот на Советот Сашко Георгиев истакна дека во иднина можеби е потребно да се реши ова прашање како правно прашање и правна празнина, дополнувајќи дека според сегашната состојба како го чита Законот, за него е многу јасен, а судиите ќе одберат и ќе одлучат како и којќе ги застапува во Судскиот советна Република Северна Македонија.

**Претседателот на Советот Весна Дамева**по завршување на излагањето на членот на Советот Сашко Георгиев констатира дека неговото излагање всушност не било реплика, туку негова дискусија по однос на извештајот со што правото на дискусија му е исористено и има можност да се јави само уште еднаш во времетраење од 3 минути.

**Членот на Советот м-р Ивица Николовски** се јави за збор наведувајќи дека сака да појасни дека случајот на Славчо Тасев неможе да се поистовети со овој случај бидејќи во тој случај конкретно е оспорено правото на етничка припадност.на граѓанин на Република Северна Македонија, додека во овој случај станува збор за нешто друго бидејќи овде не е спорна етничката припадност. Во таа насока повторно истакна дека двата случаеви се различни и неможат да послужат за позитивна пракса. Дополни дека тоа е пракса која треба да се примени во еден друг случај, но дека апсолутно неможе да се поистоветува со одлучувањето по ова прашање.

**Членот на Советот Тања Чачарова Илиевска** истакна дека е точно она што го кажал членот на Советот м-р Ивица Николовски

замолувајќи во иднина да не сеправи компарација помеѓу несоодветни состојби бидејќи во 2018 година немало апликација за Стразбур од страна на Славчо Тасев. Дополни дека случајот Славчо Тасев е апсолутно друг случај кој нема никаква врска со оваа состојба. Во продолжение истакна дека го дели ставот на членот на Советот м-р Ивица Николовски од причини што составот на Судскиот совет дефинитивно е утврден во Уставот на Република Северна Македонија во членот 104, поточно во амандманот 28 кој во целост го заменува членот 104 од Уставот.каде што по однос начленовите на Судскиот совет на Република Северна Македонија кои се од редот на судиите уставотворецот определил дека треба да бидат 8 членови од кои 3 од редот на заедниците кои не се мнозинство во државата, а при тоа да се води сметка за сразмерната застапеност. Во продолжение истакна дека ова уставно решение во целост и идентично е превземено и во Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија,односно во членот 6 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија и според овој член на законот за Судски совет тука нема дилеми. Дополни дека не смета дека во конкретниот случај е тенка границата на која листа може да аплицира конкретниот кандидат од причини што според личните проверки кои ги направила во податоците во Советот, односно во Судскиот изборен именик утврдила дека кандидатот, судијата Исамедин Лимани по сопствен избор е запишан како припадник на албанска националност од кои причини тој има право, согласно одредбите од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија да аплицира исклучиво на единствената посебната листа од членот 13 ст.3 каде што е определено како се изготвуваат кандидатските листи. Смета дека овој кандидат бил должен тоа да го наведе во својата изјава во смисла на чл.12 ст.2 алинеа 5 од Закоонт за Судскиот совет на Република Северна Македонија. Според мислењето на овој член на Советот прифаќањето на кандидатот Исамедин Лимани на општата кандидатска листа во конкретниот случај би значело флагрантно кршење и на Уставот и за Законот со тоа што кога точно се определуваат припадниците на заедниците кои не се мнозинство на која кандидатска листа може да бидат, Советот сега да го става на општата листа е недозволиво бидејќи со тоа се кршат претходно цитираните членови, член 6 од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија и член 104 од Уставот затоа што ќе се наруши составот на Судскиот совет. Во продолжение ч**ленот на Советот Тања Чачарова Илиевска** истакна дека не ја интересира дали во

минатото имало или немало поинакви ситуации или дали ќе има во иднина бидејќи во овој момент се држи на постоечките уставни и законски одредби  и смета дека има уставно-законски пречки судијата Исамедин Лимани кој што во Судскиот изборен именик самиот се определил како албанец да биде ставен на општата кандидатска листа од кои причини и смета дека таквата апликација треба да биде одбиена.Во продолжение најави дека во случај доколку при гласањето мнозинството членови од Советот има поинаков став ќе има издвоено мислење кое писмено ќе го образложи во рок од три дена, а за кое бара да биде објавено на WEB страната на Советот.

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** истакна дека во целост се согласува со дускисиите на членовите на Советот м-р Ивица Никоовски и м-р Тања Чачарова Илиевска истакнувајќи дека водејќи се од извештајот подготвен од колегите само ќе надополни дека членот 11 на кој се повикува и колегата Сашко Георгиев значи услови кои што треба да ги исполни кандидат за член на Судски совет на Република Северна Македонијакој доаѓа од редот на судиите. Дополни дека нема посебни услови за кандидатите кои доаѓаат од заедниците и од мнозинството, условите се исти стаж, државјанство .... итн поради што смета дека не би требало Советот да се повикува на овој член. Понатаму по однос на членот 12 кој се споменувал а кој ја утврдува кандидатурата, дека кандидатите за член на Судскиот советна Република Северна Македонија својата кандидатура ја поднесуваат писмено до Советот и во пријавата доставуваат потврда за судиски стаж, биографски податоци, податоци за стручна и професионална едукација од АСЈО и изјава на која листа се пријавува, изјавата на која листа се пријавува кандидатот според членот на Советот м-р Антоанета Димовска е нешто што се подразбира бидејќи се знае моменталната структура на Судскиот совет на Република Северна Македонија која што е утврдена со Устав и со Закон. Смета дека одредбата е идентина и дека сега може да се дискутира и да се теоретизира дали поставеноста на нашето уставно решение е во ред или не, дали тоа не значи ограничување на малцинските права или не, патем истакнувајќи дека лично е поборник на граѓанскиот концепт од кој смета дека се одалечуваме. Дополни дека во овој момент има таква поставеност каде што има три загарантирани места за припадниците на заедниците. Смета дека ова не е едноставно прашање од причини што Уставот тоа го третира, а Законот за Судски ссовет на Република Северна Македонија со

членот 50 кој патем го цитираше третирал како се одлучува при изборот на судии. Истакна дека колегата Исамедин Лимани е албанец по националност поради што доколку биде избран за член на Советот, дали некој од Советот ќе може да му забрани да гласа по член 50. ... „Ќе рече извинете јас сум албанец. Кое ќе биде мнозинството тогаш кога ќе се бира“?.... Дополни дека сега се тројца од кои двајца треба да гласаат за да некој биде избран, акога ќе бидат четворица, ќе треба тројца да гласаат. Смета дека прашањето не е едноставно бидејќи се нарушува цел еден систем, но сепак дека не е нерешливо бидејќи го решил и Уставот и Законот. Од тие причини истакна дека за неа во овој момент колегата Исамедин Лимани неможе да биде на кандидатската листа. Во продолжение истакна дека на колегата Мирсад Суроји мандатот му престанува во декември месец и на колегата Сашко Георгиев кој истотака доаѓа од редот на заедницита, Во тој контеркст постави прашање: „Од кои редови ќе избереме член“? Дополни дека мора Советот да го почитува тој принцип инаку ќе се наруши со Устав утврдениот број на членови и дека неможе да се каже дека од Врховен судна Република Северна Македонија секогаш ќе дојде преставник од мнозинската заедница, во зависност од тоа како ќе семенува составот. Истакна и дека доколку колешката Мирјана Радевска не дала оставка соодносот ќе бил друг, дополнувајќи дека секогаш се цени моменталниот сооднос. Според неа прашањето е јасно решено и со Уставот и со Закоонт поради што се надева дека нема да има издвоени мислења и дека ќе проработи правничкото кај секој член при толкување на Уставот и Законот.

**Членот на Советот м-р Селим Адеми** истакна дека треба да се расчисти и разјасни дека Судскиот совет на Република Северна Македонија не бира член на Судски совет, туку членот го бираат колегите судии, а Советот само овозможува одреден судија да биде кандидат. ....„ Ако ова не е во ред тоа ќе го кажат судиите од Врховниот судна Република Северна Македонија при изборот кога ќе кажат ...„извини колега Исамедин ти неможеш да добиеш гласови зошто не ги исполнуваш условите, зошто ја нарушуваш структурата во Судскиот советна Република Северна Македонија“....од кои причини смета дека одлуката е во рацете на врховните судии кои се искусни судии. Во продолжение **членот на Советот м-р Селим Адеми** истакна дека во огласот кој бил објавен никаде немало забрана судија од друга етничка заедница да се пријави на огласот, а комисијата од своја страна ги разгледувала условите кои требало да ги има

исполнето кандидатот. По однос на конкретниот судија наведе дека судијата Исамедин Лимани ги имал исполнето условите зошто во огласот биле препишани член11 и член 12 од Законот и никаде немало забрана дека неможе да поднесе пријава. Од друга страна истакна дека треба да се знае дека Законот дели на изборни единици, па сега Советот ги меша изборните единици кои точно кажуваат кој можат да бидат кандидати и да бидат членови на Советот. По однос на повикувањето на местата во Советот кои ги имаат членовите Сашко Георгиев и Мисрсад Суроји од страна на претходниот дискутант наведе дека тоа се посебни изборни единици каде исклучиво се кандидира еден кандидат, додека во другите изборни единици нема пропишаи правила дека неможе да биде пријавен кандидат од друга етничка заедница. Во делот на изјавите/дискусиите дека се нарушува структурата на Судскиот совет на Република Северна Македонија, **членот на Советот м-р Селим Адеми** наведе дека  во Судскиот совет имало и 6 членови од друга етничка заедница при што немало проблем Советот да функционира, немало проблем за функционирање и кога биле тројца членови албанци и тројца членови Власи и никој не го поставил прашањето дека Судскиот совет е незаконит и неуставен. Во таа насока дополни дека истотака досега никој не оспорил ниту една одлука на Судскиот совет. Укажа и дека имало период кога Судскиот совет имал 6 членови од кои 4 албанци и 2-ца власи, сега има ситуација кога има 4 албанци и 1 влав, односно дека повеќе од 5-6 години наназад структурата на членовите во Советот е изменета. Од наведените причини побара колегите да не се повикуваат на структурата. Од истите тие причини истакна и дека смета дека не држи тезата дека доколку во Советот дојде уште еден член од друга етничка заедница ќе се наруши структурата. Смета дека тоа нема да сеслучи бидејќи и кога имало тројца албанци немало проблем со структурата и никој не го поставил ниту оспорил тоа, а тоа не се случило ниту кога составот на членовите бил 3 : 3 или 4:1, 4: 2 никој не оспорувал. Во продолжение **членот на Советот м-р Селим Адеми** истакна дека како член на комисијата ги разгледал пријавите и согласно огласот во кој биле наведени сите услови утврдил дека кандидатот ги имал доставено сите потребни документи поради тоа и сметал дека кандидатот ги исполнува условите, а кој ќе биде избран ќе кажеле судите од Врховниот суд на Република Северна Македонијабидејќи биле професионалци. Во продолжение истакна дека досегашното излагање било во делот на структурата, а за делот како ќе функционира Советот наведе дека има и друг пример. Во таа

насока посочи пример дека освен во Судскиот совет на Република Северна Македонијапред еден месец и повеќе имало избор и на член на Советот на ЈО каде ја имало истата ситуација, а при тоа никој не оспорил дека на општа листа не може да се пријави и друг кандидат од етничка заедница. Дополни дека во Советот на ЈО од самите колеги бил избран кандидат кој е од друга етничка заедница и никој тоа не го оспорил. За принципот на бадентер за кој било поставено прашање, како ќе се спроведе наведе дека за овој принцип Законот предвидува кој ги има тие права, дополнувајќи дека на ист начин функционира и Советот на ЈО при што се кажува дека само тие кои се избрани од листа што е гарантирана за други етнички заедници само тие го имаат тоа право да го користат бадентер. Во таа насока потсети дека и кога во Советот имало 6 членови и кога составот бил 3 : 3немало проблем со бадентер. Од овие причини побара никој да не се повикува на структурата бидејќи Советот повеќе од 6 години колку што памти, а смета дека и порано имало таква ситуација со 6 члена бидејќи имало и 1 Турчин како член на Советот ново тоа не навлегува туку го кажува она што го знае додека е присутен во Советот, дека повеќе од 6 години Советот функционира со 6 члена од друга етничка заедница, па никој не го поставувал ова прашање како проблем .дека се оспорувала структурата на Советот и дека е кршен Уставот. Членот на Советот м-р Селим Адеми наведе е дека смета дека секој има свое мислење и убедување кое е демократско право дополнувајќи дека сака да нема повикување на структурата бидејќи Судскиот свет функционирал и со 3-ца албанци и со 3-ца власи и со 4-ца албанци и 2-ца власи и никој не оспорил зошто има повеќе членови од другите етнички заедници.

**Членот на Советот м-р Миљазим Мустафа**истакна дека во целост се согласува со предлог листата предложена од страна на комисијата. По однос на кандидатот Исамедин Лимани истакна дека има поинакво мислење од колегите кои што ја оспоруваат апликацијата на овој кандидат. Во таа насока во делот на тврдењата дека треба аплизирањето на судиите од Врховниот суд на Република Северна Македонија во Судскиот советна Република Северна Македонија е во споритвност со Уставот и Законите истакна дека смета дека како правници сите членови се свесни дека Уставот кој е во сила со Охридскиот рамковен договор ги штити помалите етнички заедници од мајоризација на мнозинството. Дополни дека во ниту еден момент не е сретнат случај каде што им се забранува, односно

се ограничува горната граница на застапување на помалите етнички заедници во институциите. Уште еднаш нагласи дека согласно Уставот и Законите е определена горната франица од која не треба да испаѓа преставувањето на помалите етнички заедници во институциите. Од друга страна смета дека според Законот за Судски совет на Република Северна Македонијаи Законот за судовите кои ја организираат и регулираат оваа фела јасно и децидно е потенцирано „од страна на судиите во Врховниот суд“, при што не е нагласено од која етничка заедница треба да бидат. Од тие причини смета дека секое поинакво тврдење е дискриминаторно и е во спротивност со уставниот поредок на државата.

**Членот на Советот Лорета Горгиева** наведе дека не сакала да се јави за збор, но по споменувањето на колегата Славчо Тасев од апелационото подрајче Штип кој сега е пензиониран сака да укаже дека недоследноста и контрадикторноста во дискусиите од одредени колеги навистина ја изненадуваат, дополнувајќи дека и формулациите дека не е исто и дека не треба да се прави равенство или споредба помеѓу овие две кандидатури исто така ја изненадува, дури и многу пострашно од тоа. Во продолжение наведе дека на последното соочување во врска со предметот Славчо Тасев, односно неговото барање за повторување на постапката кое се случувало пред извесен период и за кој како што кажале и самите колеги сеуште немало епилог истакна дека ќе каже дека ситуацијата правнички, многу еклатантно за сите оние кои малку повеќе разбираат е интересна за дискусија и за разгледување. Конкретно нагласи дека колегата Ивица Николовски го кажал тоа како некоја пракса, дека после 2018 година кога се одлучувало за кандидатурата на овој колега за избор на член на Судски совет на Република Северна Македонијаод редот на судиите од апелационо подрачје Штип дека не му е прифатена кандидатурата бидејќи како што разбрала се работело за национална припадност и национални чуства. Во таа насока побара да се разграничи наведувајќи дека колегата Славчо Тасев се имал пријавено на општата листа за апелационо подрачје Штип која е општа листа за сите припадници на македонската заедница бидејќи за припадниците на заедниците има посебни листи. Дополни дека од кои причини Судскиот совет на Република Северна Македонијана овој оглас прифатил дека кандидатот Славчо Тасев нема право да биде кандидиран и му ја отфрлил кандидатурата од причини што овој колега и при изборот за член на Судскиот советна Република Северна

Македонија во 2012 година кога била избрана колешката Мирјанка Гоцевска од Апелационен суд Штип и при изборот во 2018 година кога од колегите таае избрана како преставник од апелационото подрачје Штип.... По однос на колегата Славчо Тасев за кој патем истакна дека за цело време во Судскиот изборен именик во делот на националната припадност се декларирал како Бугарин токму во времето на изборите и во времето кога се доставуваат кандидатурите тој доставувал известување дека сега се чуствува македонец и бара како таков да биде прифатен на листата. Меѓутоа за да не биде пристрасна членот на Советот Лорета Гоегиева истакна дека нема да каже свое мислење исто како што и не учествува во ниту еден дел од оваа постапка зошто не му ја прифатил кандидатурата и првиот состав од 2012 година и составот од 2018 година. Во продолжение истакна дека до денот на пензионирањето минатата година колегата Славчо Тасев освен за потребите и за време на изборите зачленови на Судски овет на Република Северна Македонија, во ниту еден момент не побарал промена на податоците во Судскиот изборен именик, со официјално барање дека не се чуствува и повеќе несака да стои во евиденцијата како Бугарин, односно дека сега се чуствува македонец и бара да биде запишан како македонец. И во еден таков случај за кој наведе дека сака да нагласи и дека освен колегата Славчо Тасев на изборот за членови на Судскиот совет во 2018 година биле уште петмина кандидати, што значи дека во услови на 6 кандидати Стразбур на овие одлуки во врска со неговата апликација дека му е повредено правото на изразување на национално чуство и врз основа на тоа му е одбиена кандидатурата наоѓа дека има повреда во делот на правата на колегата Славчо Тасев. Во продолжение истакна дека доколку сега има предмет на одлучување за кандидатска листа за Врховен суд, која е единствена општа листа, нема друга листа, што значи дека на општата листа за Врховен суд на Република Северна Македонијаможе да се пријават исклучиво само судии од редот на Врховниот суд, на Република Северна Македонија. Друга листа нема, таа е единствена општа листа. Од овие причини наведе дека за неа е дискутабилно дали може да се ограничи пријавувањето или кандидатурата на некој од колегите од друга националност бидејќи сепак сите се судии на Врховен судна Република Северна Македонија. Ако Стразбур утврдил повреда за колегата Славчо Тасев и доколку и му било допуштено да биде кандидат никој не гарантирал дека од сите 6-мина кандидати токму тој би добил и ако врз основа на оваа одлука на Стразбур колегата Славчо Тасев е финансиски обештетен. Судски совет на

Република Северна Македонијазаради спроведување на одлуката на Стразбур направи измена во Судскиот деловник со додавање на нов член 7-а во кој било регулирано ова право, начинот на утврдување на кандидатските листи и пријавување на промените во Судскиот изборен именик. По однос на ова членот на Советот Лорета Горгиева истакна дека сака да постави прашање: „Има двајца кандидати, па доколку Советот прифати дека колегата Исамедин Лимани од причини што е албанец нема право да учествува на овој избор како кандидат, останува еден единствен кандидат, колешката Цветанка Периќ. Доколку денес Советот изгласа дека колегата Исамедин Лиманинеможе да биде избран по таа основа колешката Цветанка Периќ ќе биде единствен кандидат како судија. Тоа значело дека и никој да не гласа, односно таа да си гласа сама за себе ќе помине и ќе биде член на Судски советна Република Северна Македонија. Така е или не е така“ ? Во продолжение членот на Советот Лорета Горгиева истакна дека имајќи го примерот пред себе за колегата Славчо Тасев за кој патем овој Совет и комисијата најде за потребно иако е пензиониран да го бара од дома и да го повикува во просториите, да се произнесе дали ја продолжува постапката за за повторување на постапката истакна дека ќе праша друго: „Дали тоа не значи дека колегата Исамедин Лимани нема да ги искористи сите правни средства кои му стојат на располагање да ја побива одлуката на Судскиот совет на Република Северна Македонијасо која му е попречено неговото кандидирање “? и „ Дали тоа значи дека во овој чист случај помеѓу двајца кандидати во кој се отстранува едниот, а ексклузивното право на избор останува само на еден судија, дека Стразбур ќе донесе поразлична одлука од претходната за која повторно нагласи дека биле 6 кандидати и никој не гарантирал дека Славчо Тасев би го добил изборот “? Дали тоа значи дека на една веќе постоечка пракса од Стразбур и едно изградено мислење за 2012 година, не за 2018 година, дека Советот повторно ќе ја доведе државата во ситуација да плати штета како што му исплатила на Славчо Тасев за неговата повреда на чуство на начионална припадност и врз основа на тоа исклучување од кандидатската листа и уште повеќе и во интерес на колешката Цветанка Периќ“ ? На крај истакна дека сака да каже дека на колешката Цветанка Периќ не и посакува да го доживее истото вознемирување кое таа го доживува бидејќи постапката сеуште не е завршена, бидејќи ни крива ни должна ќе биде доведена во ситуација да го брани сопствениот легитимен избор и законитоста на изборот. Побара доколку грешида биде

поправена бидејќи Судски совет со одлуката за Славчо Ттасев,....„ јас во 2018 година не сум била член на Судски совет, но сега сум“..... Ако овој состав на Судскиот совет на Република Северна Македонијанајде за потребно на целосно спроведена одлука на Стразбур, со финансиска исплата и наспроти фактот што одлуката на Стразбур е за 2012 година, а нејзиниот избор е во 2018 година, а иницијалниот акт за повторување на постапката е за изборот од 2018 година кога таа е избрана закандидат непосредно неколку месеци пред истекот на 6 години како член на Судски советна Република Северна Македонија, Судскиот совет донел одлука дека нема право да бара свои права како заинтересирано лице посебно со оглед на фактот да после 2020 година комисијата донела и одлука дека на колегата Славчо Тасев му е основано барањето и продуцира  да таа поднесе тужба до Управен суд за да и се призне статусот на заинтересирано лице, кои постапки не се завршени**...**

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** процедурално побара Советот да се држи до темата.

**Членот на Советот Лорета Горгиева**во продолжение на својата дискусија наведе дека ако се имало малку доблест немало да биде прекината и ќе била оставена да ја доврши последната реченица. Во таа насока во продолжение истакна дека за одлучувањето по предметот немало никаква друга јавност и немало ништо од јавноста, но имало материјални докази и трага од се. Истакна и дека смета дека дискусијата ја разбрале сите присутни, а таа од искуство со предметот наколегата Славчо Тасев нема да се дрзне да гласа против кандидатурата на колегата Исамедин Лимани и ќе ја поддржи.

**Членот на Советот м-р Ивица Николовски** во реплика истакна дека кога се повикал на праксата на одлучување во Судскиот совет на Република Северна Македонијавоопшто не мислел на случајот со Славчо Тасев. Дополни дека користејќи ја репликата уште еднаш сака да појасни дека безпредметно се споменува случајот Славчо Тасев и истиот неможе да се поистовети со овој слујај.  Истакна дека уште еднаш сака да потсети дека во случајот Славчо Таев кој што е познат дека во одредени периоди од свои сопствени причини и по своја волја ја менувал етничката припадност, па во еден момент во Судски совет на Република Северна Македонијанеговата припадност била една, па при друг избор ја менувал припадноста, некој одлучил дека истиот

неможе да ја менува припадноста согласно условите и со тоа се погрешило бидејќи Уставот јасно давал за правосекој граѓанин во нашата држава во секој момент да си ја смени етничката припадност. **Членот на Советот м-р Ивица Николовски** во продолжение истакнадека тоа неможе да се поистовети со овој случај бидејќи во тој случај некој на Славчо Тасев неоправдано му го ускратил правото на национална припадност, а ова прашање кое е денес на дневен ред неможе да го поистоветиме со тоа прашање.

**Членот на Советот Мирсад Суроји** истакна дека како член на **Судкси совет** на Република Северна Македонијасе согласува со предлогот на комисијата. По однос на кандидатурата на кандидатот Исамедин Лимани и изготвената ранг листа истакна дека според негово мислење кандидатурата воопшто не е пречка. Смета дека ограничувањето на вака лично загарантирано право на преставник од Врховен судна Република Северна Македонија во ниту еден момент не треба да биде пречка и дека со дискусиите во тој правец,поради одбивање на кандидатурата кои претходно биле кажани од колегите Селим Адеми и Миљазим Мистафа, Советот дава лоша пракса кое нешто не е во духот на заложбите за правата. Смета дека тие три места се загарантирани за заедниците и тоа не само за албанците, туку и за останатите заедници кои мора да ги има во Советот. Во конкретниот случај смета дека тука се работи за Врховен суд на Република Северна Македонијаа не за апелациони подрачја, односно за еден суд во државата од кој се бара преставник. Самиот збор преставник според него значи преставник од тој суд без разлиока на националноста. Од тие причини членот на Советот Мирсад Суројиистакна дека смета дека ваквото одлучување во ниту еден момент не треба да биде оспорено од Судски совет, односно дека предлогот од ранг листата е сосема опрвдан од кои причини ќе го поддржи ваквиот предлог и за истиот ќе гласа без никаква пречка.

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** истакна дека сега се направила друга конфузија, општа листа, посебна листа, ваква листа, таква листа..... Истакна дека од се најмногу е поборник за граѓански устав и за граѓанско општество, дополнувајќи дека Уставот е таков каков што е. Во продолжение, го цитираше член 13 од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија, истакнувајќи дека и сето тоа полека да добие една граѓанска димензија на денешната седница бил апсолвиран случајот со Славчо Тасев кој се пријавил на

општата листа како кандидат на апелационо подрачје Штип по што Судскио совет на Република Северна Македонијаутврдил дека на таа листа може да се пријави само лице  од македонска заедница. Славчо Тасев како бугарин се пријавил, по што кандидатурата му била одбиена бидејќи по националност не е македонец, на што тој одговорил дека сега се декларира како македонец и сака да биде на таа општа листа. По елаборацијата на случајот со Славчо Тасев наведе дека овој случај воопшто не е ист со случајот кој е денес на дневен ред. Воедно, наведе дека не смета дека границата не е тенка , но доколку нашиот Устав кој што е производ на сите случувања во 2001 година  вака утврдил  кое нешто лично смета дека во иднина мора да се надмине,истакна дека неможе да се согласи дека сега сето ова Советот треба да го отфрли и да се каже дека Советот сега тоа ќе го толкува поинаку и некому ќе скрати право. Постави прашање: „Ако малцинството смета дека треба да се оди, на тој начин тогаш мнозинството ќе реагира – „зошто мене ми се ускратуваат правата...„ па во еден момент кога ќе се смени Уставот ќе има различна ситуација“? Во таа насока истакна дека ќе гласа против кандидатурата на колегата Исамедин Лимани од причини што така е поставено во Уставот и во Законот при тоа дополнувајќи дека не вели дека можеби нема да трпи критики и дека можеби нема да се јават експерти по Уставно право кои ќе го критикуваат нејзиниот став, но едно е теоретски да се разгледуваат работите, а друго е практичмо да се спроведе тоа и при тоа да се обезбеди функционален Судски совет на Република Северна Македонија. Утре при гласањето....„значи ли дека ќе му забраниме на колегата ако теоретски е избран и ќе му речеме не, ти неможеш да гласаш сега по чл.50 бидејќи ти си избран од општата листа, а тој ќе одговори дека го користи своето право да гласа. Дополни дека на овој начин се нарушува цел еден систем при што нема да нагласи дали е тоа добро или лошо, но ќе наведе дека Советот мора да се држи до Уставот и Законот. Во продолжение наведе и дека никогаш не ги делела судиите по националност бидејќи има само добар или лош судија и никогаш не била присталица на тоа некој да се избере бидејќи е македонец или бидејќи е албанец затоа што смета дека треба да сеизбере тој што е подобар.

За збор процедурално се јави **членот на Советот м-р Селим Адеми.** Побара од претседателот на Советот да го почитува деловникот бидејќи било кажано дека секој има право на 5 минути дискусија, а потоа уште 3 минути, а реплика да се дозволи само ако

некој е споменат во дискусијата. Истакна дека своите 5 минути ги искористил но бидејќи во претходната дискусија му било споменато името ќе го искористи правото на репликата. Во делот на репликата наведе дека како што и претходно кажал нетреба Советот да забранува ништо бидејќи во претходниот состав имало 6 члена од националностите и никој на никого ништо не забранил. Истотака истакна дека дека не се работи за малцинства, туку за припадници на друга етничка заедница.

**Членот на Советот Лорета Горгиева** се јави за збор укажувајќи дека сака да одговори на членот на Советот м-р Антоанета Димовска. Во таа насока истакна дека ја изненадува таква контрадикторност во изразувањето ставови, во мешавина на ситуации, едно нешто направено, друго се дискутира, дополнувајќи дека вакво нешто неможе да разбере посебно од некој кој 30 години е судија. Во продолжение членот на Советот Лорета Горгиева истакна дека колешката Антоанета Димовскаедно размислувала и носела одлуки како член на комисијата за предметот Славчо Тасев, а сега зборувала нешто друго. Во таа насока побара да се расчисти што е општа листа што е посебната листа, дополнувајќи дека општата листа е листа на која може да сепријават сите по апелацииони подрачја од редовите на мнозинството, а тоа се македонците, а посебната листа се знае. Наведе и дека колешката Антоанета Димовска така не читала во конкретниот предмет а сега зборува нешто друго. Во продолжение **членот на Советот Лорета Горгиева** наведе дека денес се зборува за општата листа од Врховниот суд на Република Северна Македонија која е една и единствена листа и од која никој не е изземан затоа што бил припадник на некоја друга националност и тука според нејзиното мислење нема никаква „тенка линија“ која се споменувала во претходните дискусии од некои дискутанти. Во таа насока членот на Советот Лорета Горгиева праша каде останатите читаат дека на општата листа за Врховниот суд на Република Северна Македонијаимаат право да се кандидираат само судиите од редот на македонците? Истакна дека смета дека станува збор за испревртено презентирање, дополнувајќи дека Уставот треба да се почитува, но дека истотака треба дасе обезбеди и правична застапеност на колегите кои не сеприпадници на мнозинството. Тоа е еинственото нешто за кое води сметка и Уставот и Законите за Судски совет од прв до денешен закон. Дополни дека тоа го кажал и колегата Ивица Николовски кога истакнал дека во тој дел од законот нема

промена,...„нема затоа што се води сметка за правична застапеност да не се случи во овој состав да бидат само македонци ада нема застапеност на колегите од другите националности...тоа е поентата да нема нивно отсуство“... Повторно нагласи дека во Врховниот суд на Република Северна Македонијакој е еден во државата и има една единствена општа листа Советот да го ограничи правото некој судија да се јави како кандидат го смета за апсолутно погрешно и дека погрешно читаат членовите на Советот. По однос на тоа кој и како ќе дојде наведе дека ќе гласаат колегите судии, но Советот да биде „џелат“ и да зема право да некому му го ускрати легитимното право како судија на Врховен суд на Република Северна Македонијадека несмее да се кандидира е погрешно.

**Члемнот на Советот м-р Антоанета Димовска** истакна дека сите слушнале што кажала и сега некој и ги испревртува зборовите. Дополни дека стои зад своето искуство и она што го зборува и ниту е „џелат“ ниту мисли некому.... туку само го токлува Уставот. По однос на изнесените мислења истакна дека секој го кажал своето мислење, дека сечие мислење е за почитување и никој нема вето на вистината

**Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели** истакна дека е изненаден од некои дискусии на колегите, дополнувајќи дека сепак ќе почитува сечие мислење. Во продолжение истакна дека го поддржува претседателот на комисијата за извештајот кој го изложил вклучително и за општата листа за Врховниот суид на на Република Северна Македонија. Смета дека со ваквиот начин на изложување на работите можеби Советот прави дискриминацијаза член од Врховен суд да неможе да биде кандидат. Смета дека духот на Уставот и на Законот не е во таа насока, туку духот на Уставот и на Законот е секое право во оваа држава да биде достапно, во конкретниот случај согласно огласот кој е објавен од страна на Советот. Истакна дека ги поддржува кандидатските листи како за апелационен суд Битола, така и за Врховен суд на на Република Северна Македонија.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** се јави за дискусија. Истакна дека апсолутно ги почитува сите припадници на националностите во нашата држава, но повеќе односно исклучително го почитува Уставот и Законите. Истакна дека незнае кој бил духот на Уставот, ниту кој бил духот на Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонијабидејќи не била дел на законодавниот

дом, ниту била дел од извршната власт која што ги припрема тие законски решенија, но дека е правник и знае да ги чита Законот и Уставот. Во таа насока истакна дека членот 104 од Ууставот утврдува дека „осум члена на Советот ги избираат судиите од своите редови, тројца од избраните членови се припадници на заедниците кои што не се мнозинство во Република Северна Македонијапри што ќе се запази соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници“. Во таа насока **Претседателот на Советот Весна Дамева наведе** дека ќе биде децидна и дека од осум судии тројца треба да бидат од заедниците, поставувајќи прашање: „Дали во моментов има тројца судии од заедниците во Судскиот советна Република Северна Македонија“ ?,  истовремено давајќи и потврден одговор дека има и дека тоа се членовите Ханиф Зендели, Мирсад Суроји и Сашко Георгиев. Дополни дека е запазен и критериумот еден од членовите да е припадник на помалите заедници, наведувајќи дека тоа е членот на Советот Сашко Георгиев. Истакна дека за неа тука се завршува и дека смета дека „има зошто“, зошто е така предвидено во Законот, зошто не  е предвидено „најмалку“ и зошто така е усвоен амандманот 28 од Уставот кој е преточен во член 104. Смета дека штом има тројца припадници на заедниците нема простор за поинакво размислување. Во спротивно смета дека Советот би се довел во ситуација на две испразнети судиски места Собранието наРепублика Северна Македонијада предложи свои кандидати бидејќи во законот е наведено дека осум члена се од редот на судиите а пет члена избира Собранието на Република Северна Македонијаод кои двајца на предлог на претседателот на државата. Тоа  според претседателот на Советот Весна Дамева значи дека доколку сега се случи предвидениот број од тројца членови од припадниците на заедниците да се зголеми дека може да се смени и структурата на Советот, па да бидат седум судии и шест члена од Собрание на Република Северна Македонија. Во продолжение истакна дека Уставот е education дециден и дека навистина во овој момент несака да размислува кои механизми ќе ги користи, како било претходно одлучувано и каква била праксата бидејќи незнае и дали имало променети околности, но знае за себе дека доколку сега го прекрши Законот за Судски совет на Република Северна Македонија,а уште пострашно Уставот  тогаш може да сноси одговорност. Дали при претходно некое постапување така останало, дали имало шест души албанци, истакна дека не е запознаена и не е запознаена со движењето во Судскиот совет во годините наназад 10-15, како и дека незнае од кои причини не била иницирана постапка.

Меѓутоа во овие околности кога Судскиот совет на Република Северна Македонијаго следат мониторинг и одредени реформи истакна дека нема со својот глас, и ако епотребно ќе го издвои мислењето исто како што кажала и колешката Тања Чачачрова Илиевска, затоа што се плаши од одговорност и да не го прекрши Уставот. Во ситуација ако имало двајца судии и ако ова се случело во септември кога ќе завршел мандатот на членот на Советот Сашко Георгиев тогаш наведе дека немало да има дилеми и ќе гласала, но во овој момент трите места биле пополнети и немало ни помалку ни повеќе. Дополни дека разбира се, ги почитува сите припадници на заедниците, но дека најдраг и е Уставот и тој и е основа од која треба пкојдовно да оди, Во продолжение истакна дека во текот на седницата се обидувала да размислува за ставовите и дискусиите на останатите членови со цел да им се даде на судиите тие да одлучат, но неможело да даде бидејќи препреката била тука и тоа е првото нешто за кое што требало да го изрази нејзиниот став, дали ќе го прекрши Уставот со нејзините размислувања и со нејзините ставови, согласно Устав и Закон да дозволи да одлучува дали било противуставнои противзаконски судијата Исамедин Лимани да биде дел од таа листа. Истакна и дека ги разбира сите колеги и разбира дека сите имаат различни размислувања, меѓутоа дека се работи за многу сензитивно прашање поради што повторно ќе каже дека не ја интересира духот на Уставот, ниту духот на Законот и не е дел од подготовка и донесување на истите, туку е дел од денешната дискусија од кои причини денес треба да го почитува Законот за Судски совет на Република Северна Македонијаи Уставот и тука нема дилеми. Од наведените причини истакна дека ќе гласа против кандидатската листа.

**Членот на Советот м-р Миљазим Мустафа** во реплика бидејќи претседателот на Советот се повикал на неговите зборови кои тој ги кажал во својата дискусија истакна дека смета дека не е во ред од Претседател на Судски совет да каже дека не го интересира духот на Уставот и духот на Законот од причини што тоа е суштината и на Уставот и на Законот и дека од тоа произлегуваат нормите, уставниот поредок и целото регулирање на државата. Од тие причини истакна дека уште еднаш ќе нагласи дека духот на Уставот и самиот Устав ги штити помалите етнички заедницииод мајоризација од страна на поголемата етничка заедница и во ниту еден случај не го ограничува нивното застапување во поголем број. Во таа насока го спомена и случајот во Судскиот совет наРепублика Северна Македонијакој се

јавува при формирање на комисиите на известители поставувајќи прашање: „Дали кога се работи за утврдување одговорност на судија припадник на заедниците, треба да има член на комисијата припадник на помалата етничка заедница“ ? „Зошто не сеправи проблем кога членови на комисија на известители се двајца членови од етничките заедници или кога се случува да бидат тројца“ ? Дополни дека тука е Уставот.

Откако констатира дека никој од членовите на Советот повеќе не се јави за збор **Претседателот на Советот Весна Дамева**, на гласање го стави предлогот за утврдување на кандидатската листа за кандидати од Врховниот суд на РСМ како што е предложена од мнозинството од членовите на комисијата.

По гласањето констатира дека со 6 гласа „За“ и 5 гласа „Против“ е утврдена следната кандидатска листа:

**ОПШТА ЛИСТА**
**За кандидати од Врховен суд на РСМ**

-Цветанка Периќ-судија на Врховен суд на РСМ и
-Исамедин Лимани- судија на Врховен суд на РСМ

**Претседателот на Советот Весна Дамева**, во продолжение на гласање го стави предлогот за утврдување на кандидатската листа за кандидати од апелационо подрачје Битола на која се наоѓаат Александар Камбовски-судија на Апелационен суд Битола, Александра Поп Стефанија, судија на Основен суд Охрид иТатјана Сусулеска-судија на Апелационен суд Битола.

По гласањето констатира дека со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ ,е утврдена следната кандидатска листа:

**ОПШТА ЛИСТА**
**За кандидати од апелационо подрачје Битола**

-Александар Камбовски-судија на Апелационен суд Битола
-Александра Поп Стефанија-судија на Основен суд Охрид и
-Татјана Сусулеска-судија на Апелационен суд Битола

**Претседателот на Советот Весна Дамева**, констатира дека е исцрпена 1-та точка од дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и иодлучување по 2-та точка од дневниот ред – „Формирање на Комисија за спроведување на избор на членови на Судскиот совет на Република Северна Македонија од редот на судиите“.

**Точка 2**

**Формирање на Комисија за спроведување на избор на членови на Судскиот совет на Република Северна Македонија од редот на судиите**

По 2-та точка од Дневниот ред П**ретседателот на СоветотВесна Дамева** наведе декавочл.14 став 1,2 и 3 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија е предвидено дека Советот формира Комисија за спроведување на избори за членови на Советот од редот на судиите, која комисија за избор се состои од претседател, два члена и нивни заменици. Претседателот на Комисијата за избор, еден член и нивните заменици се избираат од Здружението на судии на Република Северна Македонија, а еден член и неговиот заменик се избираат од редот на претставниците на здруженијата и фондациите кои работата повеќе од пет години во областа на човековите права и владеење на правото.Во продолжение **претседателот на Советот Весна Дамева** информираше дека за таа цел било доставено барање до Здружението на судии заради избор на претседател на Комисијата, еден член и нивни заменици, а воедно бил објавен и јавен повик до здруженијата и фондациите да номинираат по еден свој кандидат за член на комисијата за избор. **Претседателот на СоветотВесна Дамева**информираше и дека Здружението на судии доставило одлука со која за претседател на комисијата бил избран Субхи Јакупи, судија на Виш управен суд, а за заменик претседател на комисијата била избрана Даниела Димовска, судија на Основен кривичен суд Скопје. Од страна на Управниот одбор на Здружението за член на комисијата, била предложена Емилија Шопар Јованова, судија на Основен граѓански суд Скопје, а за заменик член на комисијата Сузана Дончевска, судија на Основен граѓански суд Скопје. Согласно доставениот јавен повик истакна дека од

Здружението на граѓани- Институтот за човекови права, за член и заменик член на кКомисијата била номинирана Јелена Кадриќ и во прилог со пријавата била доставена и документација.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** отвори расправа по 2-та точка од дневниот ред.

Откако констатира дека никој од членовите на Советот не се јави за збор **Претседателот на Советот Весна Дамева**, на гласање го стави предлогот да се донесе одлука за формирање на Комисија за спроведување на избори за членови на Советот од редот на судиите во состав: Субхи Јакупи, судија на Виш управен суд - претседател на комисија,Даниела Димовска, судија на Основен кривичен суд Скопје - заменик претседател на комисија,Емилија Шопар Јованова, судија на Основен граѓански суд Скопје - член на комисија,Сузана Дончевска, судија на Основен граѓански суд Скопје- заменик член на комисија и Јелена Кадриќ- Институт за човекови права - член на комисија и заменик член на комисија.

По гласањето констатира дека со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ ,е донесена следната

**О Д Л У К А**
**За формирање на Комисија за спроведување на избори за членови на Советот од редот на судиите**

Се формира Комисија за спроведување на избори на членови на Советот од редот на судиите, во состав од:

1. **Субхи Јакупи,** судија на Виш управен суд - претседател на комисија,
2. **Даниела Димовска**, судија на Основен кривичен суд Скопје - заменик претседател на комисија,
3. **Емилија Шопар Јованова**, судија на Основен граѓански суд Скопје - член на комисија,
4. **Сузана Дончевска**, судија на Основен граѓански суд Скопје- заменик член на комисија,
5. **Јелена Кадриќ-** Институт за човекови права- член на комисија и
6. **Јелена Кадриќ -** Институт за човекови права - заменик член на комисија.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** појасни дека Комисијата за спроведување на избори на членови на Советот од редот на судиите согласно чл.14 ст.9 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, го подготвува изборниот материјал, формира изборни одбори и ги спроведува изборите на членови на Советот од редот на судиите. Побара ова да биде составен дел на одлуката која претходно е донесена.

**Претседателот на Советот Весна Дамева**, констатира дека е исцрпена 2-та точка од дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и иодлучување по 3-та точка од дневниот ред – „Донесување на решение за спроведување на избор на членови на Судскиот совет на Република Северна Македонија“.

## Точка 3

**Донесување на решение за спроведување на избор на членови на Судскиот совет на Република Северна Македонија**

По однос на 3-та точка од дневниот ред **Претседателот на Советот Весна Дамева** информираше дека во член 8 од Деловникот за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија е предвидено дека Советот на седница донесува решение за денот на спроведување на избор на член на советот од редот на судиите и го објавува во Службен весник на Република Северна Македонија.

Со оглед да во конкретниот случај се исполнети условите за донесување на решение, **Претседателот на Советот Весна Дамева** отвари дискусија по однос на потребата од донесување на решение и определување на денот на спроведување на изборот. Воедно, истакна дека сака да укажже дека треба да се внимава да се остави доволно простор на комисијата по однос на процедурата која треба да ја изготви во предвидениот рок од 30 дена од објавување на јавниот повик. Дополни дека од страна на службите е запознаена дека тоа би бил рок од 10-15 дена за да може да се заврши цела постапка.

За збор се јави **заменик претседателот на Судскиот совет на РСМ, Ханиф Зендели.**Истакна дека процедурата може да трае од кои причини би било добро да се предвидат најмалку три недели. Во таа

насока предложи изборите да се спроведат најдоцна до 10.06.2024 година, односно до тој датум да заврши постапката.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна предлог 06.06.2024 година – четврток да биде ден кога ќе се спроведат изборите за член на Судскиот советна Република Северна Македонија. Постави прашање до останатите членови на Советот: „Дали се согласуваат со овој датум да се заврши постапката“?

Откако констатира дека никој од членовите на Советот повеќе не се јави за збор и не истакна примедба на предложениот датум за одржување на изборите **Претседателот на Советот Весна Дамева**, го даде следниот предлог: да се донесе решение за спроведување на избор на членови на Советот од редот на судиите од Врховниот суд на Република Северна Македонија и од апелационо подрачје Битола со кое под точка: 1 ) да се спроведе избор на членови на Судскиот совет на Република Северна Македонија од редот на судиите и тоа: еден член од редот на судиите од Врховниот суд на Република Северна Македонија и еден член од редот на судиите од апелационо подрачје Битола; 2) Изборот да се одржи на ден 06.06.2024 година и 3) решението да го спроведе Комисијата за спроведување на избори на членови на Советот од редот на судиите и да се констатира дека ова решение влегува во сила со денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** предлогот го стави на гласање. По гласањето констатира дека со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесено следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ ОД РЕДОТ НА СУДИИТЕ ОД ВРХОВЕН СУД НА РСМ И ОД АПЕЛАЦИОНО ПОДРАЧЈЕ БИТОЛА**

**I**

Се спроведува избор на членови на Судскиот совет на Република Северна Македонијаод редот на судиите и тоа: еден член од редот на судиите од Врховниот суд на Република Северна Македонија и еден член од редот на судиите од апелационо подрачје Битола.

**II**

Изборот ќе се одржи на ден 06.06.2024 година.

**III**

Решението ќе го спроведе Комисијата за спроведување на избори на членови на Советот од редот на судиите.

**IV**

Решението влегува во сила со денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

По исцрпување на 3-та точка од девниот ред **Претседателот на Советот Весна Дамева** на барање на членовите на Советотво 12,40 часотдаде пауза од 20 минути. Истакна дека седницата ќе продолжи во 13 часот.

По завршување на паузата седницата продолжи со разгледување и одлучување по 4-та точка од дневниот ред – „Донесување на одлука за заклучување на Судскиот изборен именик.

**Точка 4**

**Донесување на одлука за заклучување на Судскиот изборен именик**

**Претседателот на Советот Весна Дамева** информираше дека во врска со објавениот оглас за избор на член на Судскиот совет на Република Северна Македонија и тоа еден член од редот на судиите од Врховниот суд на Република Северна Македонија и еден член од редот на судиите од апелационото подрачје Битола согласно чл.17 став 2 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија и член 7-а од Деловникот за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија, судскиот изборен именик бил ставен на увид во судовите за кои се однесува огласот при што секој судија имал право во рок од 3 дена  по писмен пат да побара исправка на податоците.

Во продолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева** информираше дека согласно законот и деловникот, такво писмено барање  за исправка на податоци од страна на судиите поединечно не

е доставено, туку се доставени дописи од одредени судови за измена на податоци по однос на технички грешки во број на легитимација или ден на избор на судија,Дополни дека таквите измени од страна на Советот се направени со што се создадени услови и не постојат пречки во смисла на чл.17 ст.6 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија за заклучување на Судскиот изборен именик.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** отвари дискусија по однос на потребата за донесување одлука за заклучување на Судскиот изборен именик.

Откако констатира дека никој од членовите на Советот не се јави за збор **Претседателот на Советот Весна Дамева** на гласање го стави предлогот за донесување одлука за заклучување на Судскиот изборен именик.

По гласањето констатира дека со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ едонесена следната

**О Д Л У К А**

**СЕ ЗАКЛУЧУВА** Судскиот изборен именик за Врховниот суд на Република Северна Македонија и за апелационо подрачје Битола.

**Претседателот на Советот Весна Дамева**, констатира дека е исцрпена 4-та точка од дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 5-та точка од Дневниот ред – „Разгледување на Извештај на Комисијата за рангирање на кандидати за избор на судии на Врховен суд на Република Северна Македонија “

**Точка 5**

**Разгледување на Извештај на Комисијата за рангирање на кандидати за избор на судии на Врховен суд на Република Северна Македонија**

По однос на 5-та точка од дневниот ред **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека по објавен оглас за избор на

судии на Врховниот суд на Република Северна Македонија формирана е комисија за рангирање на кандидати за избор на судии, која има изготвено извештај. Во таа насока истакна дека збор дава на **претседателот на комисијата за рангирање на кандидатиПавлина Црвенковска,** да го презентира извештајот.

**Претседателот на комисијата за рангирање на кандидати за избор на судии Павлина Црвенковска,** пристапи кон презентација на извештајот. Наведе дека комисијата во состав: Павлина Црвенковска, претседател, Лорета Горгиева и м-р Ивица Николовски, членови на Комисијата, на ден 30.01.2024 година, одржала состанок по оглас бр.2470/1 од 12.12.2023 година, објавен во Службен весник на Република Северна Македонија, бр.270/23 од 19.12.2023 година, а по одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија, број 09-2470/3 од 15.12.2023 година на кој состанок комисијата ги разгледала и извршила проверка на поднесените пријависо потребната документација доставени по огласот. Разгледувањето било извршено во поглед на навременост и комплетност на пријавите со потребните документи доставени од кандидатите во смисла на член 45 и 46 ст.1 точка 3,4 и 5 од Законот за судовите. Во продолжение **претседателот на комисијата Павлина Црвенковска**наведе дека согласнорокот за достава на пријавите определен во објавениот оглас кој изнесувал15 дена сметано од денот на објавување комисијата констатирала дека огласот завршил заклучно со ден 02.01.2024 година.По увид во пријавите и целокупната доставена документација на пријавените кандидати од страна на комисијата претседателот на комисијата наведе дека било утврдено дека по огласот за избор на 6 (шест) судии на Врховен суд на Република Северна Македонија (3 за граѓанска и 3 за кривична област) се доставени пријави од вкупно 11 (единаесет) судии, при што 9 (девет) од пријавените кандидати се пријавиле само за една област, од кои 6 (шест) за граѓанска и 3 (три) за кривична област, додека 2 (два) кандидати биле пријавени за двете области, односно и за граѓанска и за кривична област.Во продолжение **претседателот на комисијата за рангирање на кандидати за избор на судии Павлина Црвенковска,** истакна дека по разгледување на доставените пријави со потребната документација доставена во прилог комисијата констатирала дека имало доставено 3 (три) спорни пријавии тоа од следните кандидати: кандидатот закривична Енвер Амзаи, и од кандидатите за граѓанска област Букурије Ајдини и Афрдита Шеху Асани. По однос на пријавата на кандидатот Енвер

Амзаи претседателот на комисијата наведе дека комисијата утврдила дека пријавата на овој кандидат не е комплетна, бидејќинедостасува уверение за кривична евиденција.Дополни дека за овој кандидат комисијата утврдила дека има доставено уверение за кривична евиденција, но истото е издадено во 2021 година од кои причини неможело да се прифати како валидно.

За кандидатот за граѓанска област Букурије Ајдини, претседателот на комисијата Павлина Црвенковска наведе дека комисијата утврдила дека пријавата не е комплетна бидејќинедостасува уверение за кривична евиденција,По однос на кандидатот Афрдита Шеху Асани кандидат за граѓанска област претседателот на комисијата Павлина Црвенковска наведе дека пријавата не е комплетна, бидејќи недостасува уверение за прекршочна евиденција. Воедно претседателот на комисијата **Павлина Црвенковска** истакна дека како претседател на комисијата сака да истакне една забелешка по однос на пријавата поднесена од кандидатот Зоран Герасимовски. Во таа насока наведе дека пријавата на овој кандидат е комплетна од формслно правен аспект, но по однос на потврдата за судиски стаж истата е нејасна во делот на законски предвидените години на судиски стаж. Со оглед да останатите два члена на комисијата во овој дел сметале поинаку предложи до Судскиот совет на Република Северна Македонијада се достават спорните пријави по што Советот да донесе одлука.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** отвари дискусија по извештајот на комисијата за рангирање на кандидати за избор на судии на Врховен суд на Република Северна Македонијапрезентиран од претседателот на комисијата **Павлина Црвенковска**.

За збор се јави **членот на Советот Лорета Горгиева**истакна дека од страна на претседателот на комисијта бил изложен извештај заведен под број 09-158/6 од 15.03.2024 година кој од нејзина страна како член на комисијата видно дека не бил потпишан. Како член на комисијата за рангирање во продолжение истакна дека најнапред смета дека претседателот на комисијата требала извештајот да го изложи целосно, а не паушално како што тоа го сторила, со броеви..„толку број на судии, толку сејавиле, толку со неуредна документација“... Наведе дека смета дека се работи за многу сериозен

избор на членови, односно на апликанти за судии на Врховен суд на Република Северна Македонија идека итекако треба да бидат прочитани имињата барем на сите кандидати и да се наведе што комисијата утврдила како кандидати со комплетна документација и што комисијата утврдила како спорна документација.

Во продолжение наведе дека за да биде конкретна и да не звучи паушално и неосновано ќе каже дека комисијата во состав Павлина Црвенковска како претседател, таа лично и Ивица Николовски како членови одржала работен состанок на ден 30.01.2024 година во 11,45 часот со записничар државен советник Емилија Николиќ по што по разгледување на секоја пристигната кандидатура и разгледување на секој допис, односно документ доставен во прилог на пријавата се што било констатирано било ставено на записник. Записникот бил заведен под број 09-158/3 од 22.03.2024 година. Во меѓувреме еден од кандидатите доставил дополнителни материјали за англиски јазик кое нешто било ставено во нов записник. Во продолжение членот на Советот Лорета Горгиева во својство на член на комисијата наведе дека тоа што денес го гледа како извештај и кој како што кажала го нема потпишано е од причина што дополнително за кандидатот Зоран Герасимовски комисијата не утврдила недостаток во делот на кандидатурата и во делот на документите и од истите причини извештајот кој сега е презентиран не соодветствува со претходниот извештај составен од комисијата под број 08-158/5 од 25.03.2024 година. Овој извештај кој сега бил предмет на разгледување и кој како што кажала бил само „набрзина протрчан“ е со број 09-158/6 од 15.04.2024 година. Дополни дека сака да стане јасно од кои причини не го потпишала извештајот, а тоа е дека комисијата не се согласила дека има спорна кандидатура кај кандидатот Зоран Герасимовски. Неколку пати била прочитана потврдата за судиски стаж од кои причини истакна дека смета дека претседателот на комисијата за да се има чиста слика требало јасно да ја прочита потврдата за судискиот стаж на кандидатот Зоран Герасимовски за да сите членови имаат правилна слика што е тоа што е спорно, дополнувајќи дека останува на ставот дека за неа нема ништо спорно имајќи ја предвид потврдата. Воедно, ја замоли претседателката на комисијата бидејќи потврдата за судискиот стаж на Зоран Герасимовски кандидат за судија на Врховен суд на Република Северна Македонија ја нема како документ во материјалите истата да ја прочита. По однос на останатите кандидати членот на Советот Лорета Горгиева наведе

дека се согласува со тоа што го утврдила комисијата, но дека не се согласува со било што што е влезено во извештај со кој не се согласиле сите како комисија.

**Претседателот на Советот Весна Дамева**пред да даде збор на друг член на Советот истакна дека сака да го слушне мислењето на другиот член на комисијата бидејќи извештајот е потпишан од него. Во таа насока обраќајќи се кон **членот на Советот м-р Ивица Николовски** постави прашање: „Дали Вие се согласувате со овој извештај бидејќи колешката Лорета Георгиева наведува нешто што за неа создава знак прашање. Од друга страна по однос на тоа дали извештајот ќе го потпишат тројца или двајцачленови на комисијата, **Претседателот на Советот Весна Дамева**наведе дека имало случаи и одредени ситуации кога извештајот го потпишувале двајца членови. Повторно се обрати кон **членот на Советот м-р Ивица Николовски** со прашање: „Дали е запознат со овој извештај и дали останува кон извештајот“?

**Членот на Советот м-р Ивица Николовски** во својство на член на комисијата за рангирање на кандидати за избор на судии истакна дека како член на комисијата мора целосно да се согласи со излагањето на другиот член на комисијата Лорета Горгиева. Дополни дека е сосема точно дека комисијата кога првпат се состанала и расправала согласно со својот мандат за ова прашање едногласно утврдила дека не постојат такви пречки како што се наведени во овој записник кој сега е презентиран. Во продолжение истакна дека причината за изготвување на овој записник е што од страна на претседателот на комисијата на една од минатите седници бил доставен извештај со кој не се согласил Судскиот совет од причини што тој извештај не кореспондирал со член 12 од правилникот. Наведе дека во тој меѓупериод претседателот на комисијата си зел за право да ја стави забелешката која денес ја истакнал бидејќи во спротивно од нејзина страна немало да биде потпишан и изготвен извештај. Од тие причини членот на Советот м-р Ивица Николовски наведе дека наоѓајќи се во средината помеѓу двата члена на комисијата првиот извештај таков како што го објаснила колешката и вториот извештај кој на денешната седница е на дневен ред го потпишал со цел Советот на денешната седница да ги утврди сите недоследностите. Во продлжение истакна дека ова е негово излагање и по однос на она

што бил прашан толку има да каже, а доколку се работи за дискусија тогаш.....

**Претседателот на Советот Весна Дамева**истакна дека расправа по оваа точка сеуште не е отворена, но дека ова што сега е кажано сакала да биде слушнато од сите членови на Советот, која е причината за ваквата состојба.

**Членот на Советот м-р Ивица Николовски**во својство на член на комисијата за рангирање на кандидати за избор на судии истакна дека сака да дополни дека комисијата ја разгледувала потврдата за која колешката претседател на комисијата изјавиле дека има грешки. Во моментот кога потврдата била разгледувана дополни дека сите услови потребни за да се произнесат како комисија, односно дека целокупната документација на апликантотбила целосна и навремена и дека забелешки немало.

**Претседателот на Советот Весна Дамева**истакна ...„што било било"... дополнувајќи дека прашањето било дали тој како член на комисијата останува на последниот извештај од причини што Советот сега е доведен во дилема.

**Членот на Советот м-р Ивица Николовски**во својство на член на комисијата за рангирање на кандидати за избор на судии одговори дека останува на потписот.

**Претседателот на Советот Весна Дамева**истакна дека тогаш нема дилема бидејќи извештајот е потпишан оддва члена на комисијата. По однос на изложеното од членот на Советот Лорета Горгиева дека извештајот треба да сеобразложи и по однос на кандидатурите што се неспорни, наведе дека апсолутно не го дели мислењето од причини што член 12 ст.5 од Правилникот за рангирање на судии во повисок суд наведува „Советот одлучува за прифаќање на спорни и неприфатливи пријави на основа на препораките од комисијата". Во таа насока Претседателот на Советот Весна Дамева истакна дека тука се разгледуваат само спорните и неприфатливите пријави и можеби тоа е една од причините поради која колешката Павлиа Црвенковска како претседател на комисијата не ги образлагала останатите пријави. Дополни дека ова е нејзино лично мислење за кое немора да има согласност и останатите членови на

Советот може да бараат да се дополни, но сака да  биде јасно бидејќи има и јавност дека не се крие, туку нема обврска.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** укажа дека ова биле неколку работи кои требало да бидат разјаснети пред да се отвори расправата.

Во продолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева** отвори расправа по 6-та точка од дневниот ред - Разгледување на Извештај на Комисијата за рангирање на кандидати за избор на судии на Врховен суд на Република Северна Македонија.

За збор се јави ч**ленот на Советот Лорета Горгиева .** Истакна дека ќе говори за претходното и за излагањето на Претседателот на Советот Весна Дамева. Во таа насока наведе дека смета дека сите разбираат и јавноста знае да протолкува и да разбере што кажала дополнувајќи дека не говорела за тоа дали треба да се стават спорни и неспорни пријави, туку говорела за тоа дека не кореспондирала содржината по однос на едниот кандидат со тоа што било утврдено на записник на комисија на ден 30.01.2024 година. Во таа насока појасни дека допонително доставениот извештај не кореспондирал со утврдената фактичка состојба од тројцата во комисијата кое нешто било потврдено и од колегата Ивица Николовски. Дополни дека тоа била суштината на целата работа и од тие причини сметала дека не треба да се испревртуваат работите. Истакна и тоа дека од причини што една кандидатура веќе е ставена како спорна и Советот ќе расправа за спорната кандидатура, бара да биде прочитана предметната потврда за која претседателката на комисијата си дала за право да самата носи извештај.

**Членот на Советот Павлина Црвенковска** во својство на претседател на комисијата за рангирање на кандидати за избор на судии во реплика истакна дека првично бил изготвен извештај така како што трочлената комисија сметала дека треба да биде изготвен, по што тој извештај бил ставен како точка на дневен ред. Дополни дека колешката Лорета Горгиева не била присутна на таа седница поради што score неможела да знае што се разговарало и одлучувало на таа седница. Во продолжение потсети дека на таа седница членовите на Советот заземале став дека како претседател на комисијата требало да го повлече извештајот бидејќи бил преобемен и во него

биле наведени буквално сите кандидатури и неспорните и спорните, а било непотребно Судскиот совет на република Северна Македонија да разгледува кои се се приложени документи за неспорните пријави, односно дека требало да се состави извештај во кој што ќе бидат опфатени само спорните кандидатури и што е со нив. Во продолжение претседателот на комисијата Павлина Црвенковска наведе дека во име на вистината сака да ја потсети колешката дека месец дена била отсутна и била на боледување, па кога се вратила од боледување ја чекале со другиот член на комисијата Ивица Николовски по што веднаш кога дошла на работа како претседател на комисијата побарала комисијата повторно да се состане со цел да се состави извештајот во таква форма како што побарал и ја задолжил Судскиот совет. Дополни дека колешката одбила воопшто да се одржи состанок и не сакала да дојде во канцеларија на претседателот на комисијата, туку рекла дека не се согласува бидејќи претседателот го повлекол извештајот иако таа како претседател не го повлекла извештајот, туку Судскиот совет така одлучил. Истакна и дека колешката изјавила дека не се согласува дека извештајот е повлечен и останува на првиот извештај каков што е. .Во продлжение претседателот на комисијата Павлина Црвенковска наведе дека е точно дека во денес презентираниот извештај има ставено забелешка од причини што комисијата заеднички ги разгледувала пријавите така како што биле  и ги разгледувале документите за сите кандидати. Појасни дека пријавите стоеле пред членот на комисијата м-р Ивица Николовски , се гледал секој доставен документ и се констатиртало.....„ова фали, ова нефали“....

**Претседателот на Советот Весна Дамева**обраќајќи се кон претседателот на комисијата Павлина Црвенковска побара да не се оправдува бидејќи има потпишан извештај од двајца членови на комисијата.

**Претседателот на комисијата Павлина Црвенковска** во продолжение на своето излагање наведе дека  констатирала дека за неа од формално правен аспект пријавата била комплетна бидејќи имало потврда во која видела дека има болдирано....

**Претседателот на Советот Весна Дамева**обраќајќи се повторно кон претседателот на комисијата Павлина Црвенковска наведе ...„Вашиот став е Ваш и никој не го спори“.....

**Претседателот на комисијата Павлина Црвенковска** наведе дека морала да објасни бидејќи колешката Лорета Гоегиева одбила да го потпише извештајот .

**Претседателот на Советот Весна Дамева** побара да се скрати бидејќи имало и други непотпишани извештаи, по што му даде збор на членот на Советот м-р Селим Адеми.

**Членот на Советот м-р Селим Адеми** истакна дека се јавува за збор процедурално. Во таа насока наведе дека овде Советот не е за да расправа за работата на комисијата, туку Советот треба да расправа само за спорните пријави, да севиди дали некоја пријава е спорна или не е спорна и да сеоди напред а не да се прави ревизија на работата на комисијата

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека од тие причини е непотребно правдање меѓу себе бидејќи на денешната седница членовите на Советот имале важна задача да го разгледаат извештајот како што е доставен бидејќи од двајца членови е потврдено дека потписите се нивни и иститe се веродостојни

**Членот на Советот Лорета Горгиева** во реплика истакна дека како што кажала и колешката за волја на вистината токму таа кога се вратила од боледување барала доколку претседателката го променила мислењето, односно доколку по сугерирање на Советот сметала дека треба да се понуди друг извештај, дека комисијата требало да има состанок и да се направи записник на кој претседателот ќе го промени нејзиното мислење, дополнувајќи дека таа лично останува на тоа што комисијата утврдила на записник од 20.01.2024 година и не сесогласува со менување на содржиата на записникот, а врз основа на тоа и на менување на извештајот. Дополни дека тоа е тоа, а не дека не се согласила, туку напротив инсистирала да има записник во кој да се наведе од кои причини колешката го променила мислењето, дека тоа требало да стои на записник а не така да се понудува извештај со „протнатa“ една реченица која суштински ја менува исполнетоста на условите од еден од кандидатите независно како се вика и кој е . Тоа е целата работа.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** постави прашање : „Дали членовите на Советот сакаат најнапред да се оди на гласање дали прифаќаат на денешната седница да одлучуваат за денешниот извештај бидејќи еден член на комисијата кажувал дека не се согласува и повторно се одело на тоа ... „ јас се согласувам, јас не се согласувам“ ?

За збор се јави **членот на Советот Тања Чачарова Илиевска**. Наведе дека најнапред ќе говори процедурално. Во таанасока наведе дека не се согласува сега да сегласа дали членовите прифаќаат да расправаат по извештајот. Во продолжение наведе дека ова било точка на дневен ред на минатата седница и се одлучило да биде повлечена за да може комисијата да ги одвои спорните пријави, па Советот да одлучува по однос на истите. Наведе дека доколку сега повторно има навраќање два чекори наназад и за истото Советот да одлучува по втор пат смета дека не е во ред, дотолку повеќе што извештајот е потпишан од двајца членови на комисијата кое нешто е доволно за да извештајот биде ставен како точка на дневен ред

**Членот на Советот Тања Чачарова Илиевска** наведе дека ова и било процедурално излагање. Доколку има некој друг член на Советот кој сака да се произнесе по ова прашање истакна дека е во ред, а доколку нема тогаш бара да продолжи да се произнесе за она што е точка од дневниот ред.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна декачленот на Советот Тања Чачарова Илиевска е апсолутно во право, но дека истотака никогаш не сака сама да ги носи одлуките, туку сака да го слушне и мислењето на членовите. Дополни дека затоа и поставила прашање, а за неа нема дилема дека ова е точка на дневен ред. Воедно, дополни дека секој член на комисијата вклучувајќи ја и колешката имале можност во текот на овие две недели откако е закажана седницата да реагира макар и со писмо до членовите и да извести не се согласувам, сметам вака ...итн. Во продолежение **Претседателот на Советот Весна Дамева**истакна дека во овој момент има извештај за кој минатата седница Советот на предлог на еден колега одлучил да се одложи бидејќи сите членови не биле присутни, а на денешната седница имало сензитивни точки за кои сите заеднички сметале дека треба сите членови на Советот треба да бидат присутни. Дополни дека на денешната седница се приситни

сите членови поради што нема причини за обременување, туку да се произнесат по извештајот кој го има на дневен ред, па макар колешката нејзиното мислење да го изнела и да известела и во текот на расправатаод шричини што во текот на расправата ќе се дискутирало и ќе се разменувале аргументи и факти .

Во продолежение **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека во овој момент ќе отвори расправа при што ќе внимава на одредбата од деловникот, дополнувајќи дека секој ќе има право на дискусија со право на повторно дискутирање и реплика само доколку некој е лично прозван.

**Членот на Советот Лорета Горгиева** замоли оваа сериозна работа да не сесведува на чаршиски, маалски муабети. Дополни дека дали некој лаже или не лаже стоеле пораките со колегата Ивица Николовски. Воедно, побара да не се минимизира нешто што е од суштинско значење бидејќи извештајот е повлечен за да може да биде доставен извештај со друга содржина поради што да не се превртуваат работите и да се дава ниско ниво на нешто што е многу посериозно.

**Членот на Советот Тања Чачарова Илиевска** истакна дека се знаат причините зошто извештајот бил повлечен, а другата содржина ја има, па да се расправа по таа друга содржина. Во продолжение наведе дека имајќи ги предвид наводите во извештајот, посебно забелешката од претседателот на комисијата кај неа се отворила дилема дали потврдата на овој кандидат е спорна или не е спорна. Ова од причини што во извештајот било наведено дека има три спорни пријави и кажани биле кои се тие, а по однос на оваа потврда немало коментар дали е спорна или не е спорна. Од тие причини имајќи го во предвид чл.12 ст.5 од Правилникот за начин на рангирање на кандидатите за избор на судии во повисок суд чија содржина ја прочита целосно, бидејќи смета дека е битна а која гласи: Советот одлучува заприфаќање на спорни и неприфатливи пријави на основа на препораките на комисијата (член2 ст.3 од овој правилник).Одлучува заоправданоста на жалбите и за конечно рангирање. За одбивање на пријавата потребно е мнозинство од членовите на Советот со право на глас. Во спротивно пријавата ќе се смета за прифатена. Дополни дека одлуката треба да се донесе во рок од три работни дена и пред одлуката законечно рангирање. Ако не се донесе одлуката од

мнозинството за различното оценување, бодирањето на комисијата станува конечно. Советот ја подготвува конечната ранг листа“. Врз основа на прочитаниот член од правилникот членот на Советот Тања Чачарова Илиевска наведе дека имајќи ги предвид забелешките на претседателот на комисијата и содржината на одредбата кај неа се создала дилема каква е пријавата. „Дали пријавата на овој апликант е комплетна и дали е прифатлива“ ? Од тие причини наведе дека побарала официјални податоци од стручните служби по однос на судискиот стаж на овој кандидат,при тоа имајќи го во предвид членот 48 ст.1 од Законот за Судскиот совет согласно кој „Советот избира судија во апелационен суд, управен суд ...итн кои ги исполнуват условите и критериумите предвидени во Законот за судовите на начин што пријавените кандидати ги рангира според потребната специјализација за пополнување на судиско место“. По однос на исполнување на условите на пријавените кандидати во конкретниот случај бидејќи имало дилема кај претседателот на комисијата за потврдата за судиски стаж, членот на Советот Тања Чачаеова Илиевска наведе дека согласно членот 46 ст.1 алинеа 5 од Законот за судовите „за судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија може да биде избрано лице кое има работно искуство од најмалку 6 години стаж како судија на апелационен суд до моментот на пријавување на изборот и кое од страна на Судскиот совет на Република Северна Македонија е оценето со позитивна оцена“. Во продолжение членот на Советот Тања Чачарова Илиевска наведе дека имајќи ги во предвид цитираните одредби нејзе и било од исклучителна важност да го утврди судискиот стаж во апелациониот суд на овој кандидат до моментот на пријавување на огласот објавен под број 270/23 од 19.12.2023 година. Наведе дека податоците кои ги добила од регистарот на судии имајќи го во предвид и историјатот на работното искуство на конкретниот кандидат утврдила дека овој судија до моментот на пријавување имал 5 години и неколку месеци судиски стаж во апелационен суд од моментот на изборот, односно од моментот на давање на заклетвата бидејќи така се смета судискиот стаж спортед ставпт на Советот, па до моментот на пријавување. Во продолжение постави прашање до претседателот на комисијата: „Кој датум е доставена пријавата на овој кандидат“ ?, за да не го земе датумот на објава на огласот, односно за да каже точно колку месеци и денови е судиски стаж на одој кандидат во апелационен суд. Подобивање на одговор дека пријавата кандидатот ја поднел на 29.12.2023 година членот на Советот Тања Чачарова Илиевска наведе

дека до момент на пријавување кандидатот има вкупно судиски стаж во апелационен суд од 5 години 3 месеци и некаде 20-тина дена. Од овие причини навде дека предлага и бара да се произнесе Советот по нејзиниот предлог имајќи ја во предвид и содржината на извештајот и официјалните податоци во Судскиот совет по однос на судискиот стаж на судијата Зоран Герасимовски во Апелационен суд Скопје и должината на судискиот стаж до моментот на пријавување на огласот, согчасно што пријавата да биде спорна и отфрлена, неприфатена заради тоа што не ги исполнува условите од членот 46 ст.1 алинеа 5 од Законот за судовите, односно нема вкупно судиски стаж од 6 години како судија на апелационен суд до моментот на пријавување, до мометот кога е избран за судија, односно кога ја дал заклетвата. Дополни дека не е проблем дали ќе се смета од моментот на одлуката заизбор бидејќи таа му е на 23.11.2017 година или од заклетвата која ја дал на 28.11.2027 година, дополнувајќи дека 7 дена не менуваат ништо во ваквата состојба.

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** наведе дека во конкретниот случај нема никаква дилема бидејќи Законот за судовите вели дека за судија на Врховен суд на РСМ може да биде избрано лице кое има работно искуство од најмалку 6 години стаж како судија на апелационен суд до моментот на пријавување на изборот. Во оваа насока наведе дека Законот оперира со термин „од најмалку 6 години стаж“ и дека колегата нема работно искуство од 6 години во апелациониот суд зошто тоа е претпоставка за да бидеш избран во Врховен суд, односно да го практицираш правото како судија во апелационен суд 6 години. Во таа насока дополни дека колегата има 5 години бидејќи бил во Судскиот совет, дека тој е судија но работниот стаж му мирувал и нема работно искуство од 6 години. Истакна дека тоа е она што законодаецот го предвидел-„работно искуство најмалку 6 години како судија во апелациониот суд“. Во таа насока наведе дека за неа оваа пријава без оглед ---„би сакала да ја прочитаме потврдата за да не остане непрочитана“... но може да пишува во потврдата што и да е тоа се факти.

**Членот на Советот Павлина Црвенковска** ја прочита потврдата наведувајќи дека судијата од денот на изборот за судија на апелационен суд Скопје – 23.11.2017 година, до денот на издавањето на потврдата има вкупен стаж од 6 години 1 месец и 2 дена.

Во продолжение на својата дискусија **членот на Советот м-р Антоанета Димовска** наведе дека тоа значи дека има вкупен стаж, но нема вкупно работно искуство. Во таа насока наведе дека на денешната седница може да се дискутира и полемизира во недоглед но за неа тоа биле кумулативни работи, работно искуство од најмалку 6 години и стаж како судија во апелационен суд Скопје. Дополни дека во потврдата не е ништо погрешно направено затоа што тие морале да му го засметаат стажот додека бил во Судскиот совет, ама неможеле да кажат дека има и работно искуство затоа што тој го немал, туку имал работно искуство од 5 години..... Од тие причини истакна дека според неа пријавата не треба да се прифати и треба да се отфрли, а секое поинакво толкување ќе биде погрешно толкување на законот.

**Членот на Советот Тања Чачарова Илиевска** истакна дека сака да се надополни на наводите на членот на Советот м-р Антоанета Димовска во делот на работното искуство и вкупниот стаж. Во таа насока истакна дека во самата потврда чиј дел од содржината сега бил прочитан од претседателот на комисијата било наведено за кој период кандидатот бил член на Судски совет. Во тие 5 години и 1 месец е засметано и времето додека бил член на Судски совет, а тоа е периодот од 20.09.2022 година до 08.06.2023 година.

**Членот на Советот м-р Ивица Николивски** наведе дека пред да се впушти во дискусија сака да апелира за конзистентно однесување на Судскиот совет изразено преку членовите. Во продолжение наведе дека предмет на дискусија е спорна потврда при што во неколку наврати се слуша дека со болдирани букви од страна на претседателот на апелациониот суд Скопје се утврдува дека апликантот има судиски стаж од 6 години и повеќе. Наведе дека од досегашните дискусии како што кажувале дискутантите, кои со игра на зборови бегале од суштината, може да свати дека изгледа дека претседателот на апелациониот суд Скопје незнаел каква потврда издава и потпишува. Како втора работа истакна дека сака да каже дека незнае..... обраќајќи се кон членот на Советот Тања Чачарова Илиевка ....„незнам Вие во кои претходни постапки за унапредување сте правеле анализа на издадената документација, Советот има гледано 100 сертификати ама Вие никаде се немате впуштено во дискусија дали некој сертификат по својата содржина има такви последици. Овде некако изгледате доста субјективни“. Во

продолжение членот на Советот м-р Ивица Николовски истакна дека во насока на издржаност на неговиот став ќе тргне од законските претпоставки. Наведе дека во член 52 од Законот за судовите е наведено дека судиската функција е неспоива со многу други професиикои што законот ги забранува, но во истите одредби законот дозволува судија да биде избран. Една од тие можности предвидени со закон е дека судија може да биде избран и за член на Судскиот совет. Кога судија ќе биде избран за член на Судскиот совет неговата судиска функција му мирува. Дополни дета така тој ги толкува овие зборови што значи судијата не судии не одлучува во моментот, но судиската должност како член на Судски совет избран од редот на судиите ја обавува. Функцијата мирува, но судискиот стаж е нешто друго и тој не мирува. Дека е тоа така наведе дека Судскиот совет во повеќе наврати при постапување и одлучување за определени прашања се произнел. Ако мирува судискиот стаж зошто Судскиот совет има донесено низ одлуки со кои го прекинува мандатот на избраните судии затоа што доаѓа до престан на судиската функција. Во продолжение даде пример за исполнување на услови за старосна пензија, прашувајќи „како судискиот стаж му тече, а тој има мандат член на Судски совет“? Во продолжение членот на Советот м-р Ивица Николовски истакна дека сака да потсети дека Судскиот совет во изминатите годинидал имунитет на судија одејќи по Законот за судови, а тој е член на Судки совет. Истотака потсети дека судиите во Советот ги користат сите права и привилегии од Законот за судовите и не користат дртуги права. Истотака во насока на конзистентност наведе дека сака да појасни и дека и претседателите на судовите во поголемиот дел не судат и не одлучуваат, а Советот ги бира и унапредува. Од сето досега изнесено истакна дека сака да укаже дека неможе член на Судски совет каде што законот не го задира тоа прашање и кога вели „му мирува судиската функција“ законодавецот мислел на професионален состав на Судскиот совет, а не за мирување на судискиот стаж. Во таа насока постави прашање: „Ако ние тука заземеме таков став, дали сте свесни на кои последици ќе наидеме“? Член на Судски совет на сите нас познат, наш колега, избран со 214 гласови кој што од свои причини даде оставка, со 9 гласа ќе му забраниме, односно нема да му дозволиме да се натпреварува и да биде унапреден. Значи ли тоа дека престојот на судијата како член на Судски совет ќе биде претворен во казна? Ако се донесе таков став тогаш се јавува еден практичен пример: Кој судија на апелационен суд со 5 годишно искуство ќе дојде во овој

орган што за јавноста треба да преставува збир на истакнати правници и квалитетни и издржани судии, кога ќе знае дека неговиот престој во Советот преставува крај на неговата кариера. Од тие причини истакна дека Советот несмее со ова размислување така да толкува и однапред да оди на казнување на сите судии кои се членови на Судскиот совет затоа што како членови на Судскиот совет сите привилегии судиите ги добиваат исклучиво како судии. Од наведените причини членот на Советот м-р Ивица Николовски наведе  дека прво не е добро во Советот помеѓу членовите да се отвори дискусија и да се каже претседателот на Апелациониот суд Скопје издал потврда со која не довел во заблуда или пак да се свати дека тој незнаел што е судиска функција, судиски стаж, работен стаж..... Истотака истакна дека сака да потсети дека Советот барем во периодот на неговиот досегашен престој на одлучување и постапување во овој орган имал една ситуација кога за тоа прашање не одлучувал, ..... „членот 47 збори за услови за унапредување, односно избор на претседател и таму бара непрекинат стаж од 6 години на судија во судот кој апплицира да биде претседател“.... Смета дека законодавецот тоа со право го направилзатоа што ако некој сака да биде претседател тој треба да има определено искуство во познавање на сите ресурси за да може успешно да ја извршува функцијата. Дополни дека во одредбата на член 46 ст.5 се барастаж од 6 години. Постави прашање „Дали искуството и престојот во Судскиот совет на овој колега Советот ќе му го смета за хендикеп, а за неговиот престој и мандат гласале 214 судии“? Допочни дека сега Советот согласно деловникот со мнозинство гласови може да донесе одлука со која ќе.... при тоа не се зборува за неговиот квалитет кој ќе биде проследен во текот на постапката, туку се зборува за немање искуство, да си дел од ова тело, а да отвориш прашање дека кандидатот нема искуство и е неподобен и несоодветен да учествува во избор за унапредување. Смета дека тоа апсолутно не значи ништо друго освен казнување на судиите членови на ова тело и испраќање порака до сите квалитетни и амбициозни судии даостанат таму каде што се бидејќи на Судскиот совет не му требаат квалитетни и амбициозни судии, затоа што со нивниот престој во Советот ќе се соочат со хендикеп.

**Членот на Советот Тања Чачарова Илиевска**во репкика истакна дека апсолутно не ја интересира ставот на членот на Советот м-р Ивица Николовски и неговото театрално обраќање и дека Советот некого казнува, бидејќи Судскиот совет во моментов треба да го

спроведува законот, каков што е и за него нетреба да се расправа сега на седница, туку има места каде што може судиите да ги изнесат своите ставови во насока на измена на законот, асо цел да сеподобри статусот на судиите кои што конкурираат за членови на Судскиот совет. Во продолжение наведе ...„Сакате нивното членство во Судскиот совет да носи други привилегии, за тоа имате право и секој има право да бара нешто што сака, но сега на дневен ред на седницата на Советот е точка пријавата и исполнувањето на условите на колегата“..., дополнувајќи дека при тоа не ја интересира дали тој бил избран со 214 или 514 гласови, туку ја интересира законот, а дали спровела анализа за оваа пријава наведе дека и тоа не ја интересира, тука ја интересира со својот глас за го запази законот, а ..... „Вие имате право да гласате како сакате“.... Обраќајќи се кон членот на Советот м-р Ивица Николовски наведе дека по однос на неговото на двапати театрално обраќање дека во потврдата треба да му се поклони верба со болдирани букви на претседателот на Апелациониот суд Скопје побара да не дава погрешни информации бидејќи како член на комисијата требало да ја има прочитано потврдата и да знае што е болдирано. Дополни дека во потврдата било наведено „вкупен стаж“ што значи од моментот на избор на судија на апелационен суд – 23.11.2017 година, до денот на издавање на потврдата ...„читам од потврдата“ .... дополнувајќи дека има вкупен стаж во траење од 6 години 1 месец и 2 дена, а не вели како што бара законодавецот во членот 46 став 1 алинеа 5 дека треба до моментот на пријавување да има работно искуство од најмалку 6 години, стаж како судија во апелационен суд. Во таа насока членот на Советот Тања Чачарова Илиевска истакна дека колегата Зоран Герасимовски во периодот додека бил во Судскиот совет не бил судија во апелационен суд Скопје, туку бил член на Судски совет....„Точно знам што зборувам колега Ивица, Вам Ви одговарало или не, тоа е ваш проблем“.... По однос на укажувањето од страна на членот на Советот м-р Ивица Николовски дека судиите користат привилегии и права по Законот за судовите и кога се членови во Судскиот совет, наведе дека тоа е така, но дека имаат и обврски. Смета дека судијата треба да ја знае одредбата за исполнување на времето поминато како судија во одреден суд за да аплицира во друг повисок суд и требало да знае што значи таквата потврда.

**Членот на Советот м-р Ивица Николивски** во контра реплика истакна дека кога се повикуваме на Закон, дали ова прашање со

законот не е обработено. Побара да се прави разлика помеѓу судиска функција и судиски стаж

**Членот на Советот Лорета Горгиева** се јави за збор. Истакна дека ќе даде реплика на дискусијата на членот на Советот м-р Антоанета Димовска. Во таа насока наведе дека до колешката судија има само едно прашање: „ Дали прави разлика помеѓу институтот прекин и мирување“? И уште едно прашање: „Дали тоа што колешката Антоанета Димовска денес е член на Судскиот совет избрана за апелационо подрачје Скопје е со статус на мирување на функцијата во Основниот граѓански суд Скопје од каде што доаѓа или е со статус прекин“? Во продолжение наведе дека сака да каже уште нешто нагласувајќи дека при тоа ќе се труди да биде културна „Дали тоа значи дека различно размислува бидејќи од Судскиот совет ќе оди во пензија, па нема продолжување на кариерата или нешто друго“ ?

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** истакна дека сака да одговори бидејќи под знак прашање се доведувало нејзиното правничко знаење, па редно било јавноста да слушне дали има правничко знаење. Во одговор на прашањето поставено од членот на Советот Лорета Горгиева наведе дека функцијата и мирува, дека е избрана на 29 јуни 1996 година, дека од лани од јули месец судиската функција и мирува, дека не ги менува ставовите и не ги прави во зависност од тоа дали ќе оди во пензија или не, туку цел живот се држи до законот и го чита. Во таа насока наведе дека во законот е наведено „работно искуство“. Во продолжение членот на Советот м-р Антоанета Димовска постави спротивно прашање до членот на Советот Лорета Горгиева: „Како го толкува работното искуство од најмалку 6 години како судија во апелационен суд“? Дополни дека ова е реторичко прашање и дека таа не го доведува во прашање правничкото знаење на членот на Советот Лорета Горгиева и искуство, како што овој член го доведува во прашање нејзиното правничко знаење и искуство и има право на тоа бидејќи можеби навистина нема правна логика и незнае да чита закони. Дополни дека го чита она што е напишано –„работно искуство од најмалку 6 години како судија во апелационен суд“. Истакна дека смета дека е толку јасно напишано што и не мора да биде паметна, но смета дека секој може да го толкува така, односно дека кандидатот требал да го практицира правото како судија во апелационен суд 6 години. Дополни дека Советот може и треба да дискутира за тоа, дали е казна кога

судијата ќе дојде во Судскиот совет, а го избрале колегите и му дале доверба и тоа е апсолутно легитимно итреба да се дискутира бидејќи во Советот сите колеги се правници, сите имаат искуство во опрделена област и сите читаат закон и треба да го читааат не од некои побуди, туку така како што е напишано и така како што треба да биде. Во продолжение членот на Советот м-р Антоанета Димовска дополни дека нема ништо против колегата Зоран Герасимовски, но дека дури и да се работело за нејзиното родено дете тука истото ќе го дискутирала бидејќи законот е тој. .... „Зошто толку за мене се фативте и за моето знаење и искуство незнам, но со моето скромно убедување и скромно познавање на правото толку можам да кажам"....

**Членот на Советот Мирсад Суроји** истакна дека во потполност се согласува со наводите на членот на Советот м-р Ивица Николовски, наведувајќи дека сака да дополни само една работа. Во таа насока истакна дека на законодавецот во оваа одредба смислата очигледно му била дека додека ја врши функцијата член на Судски совет судијата неможе да ја обавува судиската работа, односно да постапува по предмети во судот, дека тоа била смислата на законодацецот затоа што судијата судиската должност продолжува да ја врши и во Судскиот совет. Дополни дека од тие причини и се викало од редот на судиите кога се избирало. Дополни дека истотака и кога се бирало по пат на ждрепка во комисиите имало поделени членови и имало членови од редот на судиите, .. „судијата останува судија и нема прекин на неговата функција"...

**Членот на Советот м-р Селим Адеми**наведе дека наназад 10 години во Судскиот свет се расправало за судискиот стаж и никако не се нашло решение што е законски. Во продолжение истакна дека потполно се согласува дека неможе и не треба членството во Судскиот совет да биде на штета за судијата, но за жал законот кажувал дека додека некој е член на Судскиот совет неможе да биде унапредуван во повисок суд. Дополнидека со забелешките што се даваат во работната група се оди уште пострашно и после завршување на мандатот една година да нема право. Дополни дека многу пати кажал дека кога во составот на Советот биле 8 судии тие требало да најдат решение, но самите судии за оваа работа верувале или не никогаш не нашле решение. Наведе дека колегата Ивица Николовски е во право но кога биле доставени измените на деловникот требало да одат до крај и да се прецизира зошто ако

прашањето тогаш било решено сега работата ќе била многу чиста. Дополни дека токму и затоа и бил тој предлог, за да се прецизира оваа работа. Во продолжение членот на Советот м-р Селим Адеми наведе дека за него има разлика помеѓу судиски стаж и стаж во конкретен суд зошто ако се гледа системот судијата и додека е тука во Советот е судија и во системот тече стаж, но не тече стажкако судија зошто во Советот судијата не извршува судиска функција. Законот за жал не бара таков судиски стаж, туку бара судиски стаж во апелационен суд за кој вели дека треба да биде 6 години. Од тие причини побара да не се губи време доколку судијата има повеќе отколку што бара законот 6 години, но ако нема тогаш ќе му бидат ускратени правата. Наведе дека се согласува дека не треба да биде така, но тоа значи друга работа, други околности и бара измена на законот. Од тие причини членот на Советот м-р Селим Адеми наведе дека бара да се каже дали судијата има или нема судиски стаж од 6 години, дополнувајќи дека од тоа што го слушнал досега од членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска произлегувало дека судијата има 5 години судиски стаж. Од тие причини повторно побара да не се губи време доколку судијата има повеќе од 6 години стаж во ред, но ако нема тогаш жали. Во продолжение членот на Советот м-р Селим Адеми наведе дека треба Советот да се бори пред се ако некој е во работната група за измени на законот и да бара да се направат измени и во овој дел, оваа работа да се смени, уреди и прецизира.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека седницата ја напуштија заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели и членовите на Советот Лорета Горгиева и м-р Миљазим Мустафа.

**Членот на Советот м-р Ивица Николивски** истакна реплика на дискусијата на членот на Советот м-р Селим Адеми. Во таа насока наведе дека е точно тоа дека тој е дел од работната група за измени и дополнувања на Законот за Судскиот совет каде што основите за измена биле поради однесувањето. Во таа насока истакна дека се пристапило кон проверка на условите за секој член на Советот, дополнувајќи дека неговите заложби како преставник на Советот биле дека законот или законодацецот морал да покаже Судскиот совет да биде збир од најдобрите правници без оглед дали се судии или истакнати правници. За да Советот се движи по таа позитивна патека наведе дека неможе со закон да сепредвидуваат ограничувања на

судиите кои ќе изјават волја и коиќе ја оправдаат својата доверба од нивните избирачи, колегите судии да дадат придонес во ова тело. Дополни дека доколку Советот како правосудство, односно како судска власт сака да оди во позитивна смисла неможе престојот во Судскиот совет да се смета како казна и неможе да се предвидуваат ограничувања. Во таа насока истакна дека се поставува едно логично прашање: „Кој амбициозен и квалитетен судија ќе сака да сеоткаже од своите редовни обврски и да дојде во ова тело за кое знаеме какво е по својот карактер и да даде придонес“? Истакна дека доколку не се размуислува во таа насока нема даима квалитетни членовина Судскиот совет од редот на судиите бидејќи истите нема да пројавуваат интерес да дадат придонес, а со тоа ќе има и неквалитетен Судски совет. Во таа насока наведе дека измените на Законот за Судски совет ќе дојдат на произнесување и во Советот при што секој од членовите ќе даде свое размислување, дополнувајќи дека неговите заложби се да се бара одговорност, но и да се мотивира секој судија којшто сака да даде придонес во изградба и функционирање на Советот.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека на седницата повторно се присутни заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели и членовите на Советот Лорета Горгиева и м-р Миљазим Мустафа.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** се јави за дискусија. Наведе дека од сите дискусии кои ги слушала, особено дискусиите од судиите смета декас одговара депрофесионализација на судиите. Дополни дека незнае зошто членовите на работната група за измена на законот самите не укажат дека им треба депрофесионализација, ...„ сакаме да бидеме и судии и сакаме да бидеме и членови на Судскиот совет“.... Наведе дека законот таков каков што е сите се свесни дека има ограничување за членовите на Судскиот совет, дополнувајќи дека членовите на Судскиот совет смета дека итекако треба да бидат наградени бидејќи работата е тешка. Дополни дека незнае како тоа изгледа во јавноста, но членовите даваат максимални напори и тоа сите членови како од редот на судиите, така и истакнатите правници. Во продолжение Претседателот на Советот Весна Дамева истакна дека вака како што е неможе да се согласи дека стажот во Судскиот совет може да се смета како судиски стаж во апелационен суд. Во таа насока наведе декане случајно една од препораките била да се

размислува како би се остварило членството во Судскиот совет дополнувајќи дека и колегата предочил, дека би било некој вид казна за членовите на Советот од редот на судиите,а таа  напротив смета дека при разгледување и размислување за тој дел можеби би се размислувало да биде како награда. Сепак укажа дека законот е во фаза на изработка а кога ќе се изработи ќе го достават на произнесување. Повтори дека неслучајно било предвидено и во препораките на оценската мисија. а тоа сигурно е ...„и од Вас и од нас и од судии кои што виделе дека не е примамлива функцијата член на Судскиот совет со вакво ограничување и за Врховен суд и за повисоки судии“. Од тие причини Претседателот на Советот Весна Дамева истакна дека и покрај нејзината волја да го даде својот глас како за поранешен колега, пред неа е законот кој неможе да го прекрши и нема да си дозволи. Во таа насока наведе дек ќе гласа идентично како што го изразила ставот.Во иднина побара членовите на работната група да инсистираат и да кажат дека ставот на Судскиот совет е едногласен, но мора да се имплементира во закон

Откако констатира дека никој од членовите на Советот не се јави за збор **Претседателот на Советот Весна Дамева** на гласање го стави предлогот на Комисијата за рангирање на кандидати за избор на судии на Врховен суд на Република Северна Македонијапријавите на кандидатите Енвер Амзаи, Букурије Ајдини и Афрдита Шеху Асани да се одбијат како некомплетни.

По гласањето констатира дека со 10 гласа „За“ и 1 глас „Против“ е донесена следната

**О Д Л У К А**

.

Пријавите на кандидатите Енвер Амзаи, Букурије Ајдини и Афрдита Шеху Асани за избор на судија на Врховен суд на Република Северна Македонија по оглас бр.2470/1 од 12.12.2023 година, објавен во Службен весник на РСМ, бр.270/23 од 19.12.2023 година се одбиваат.

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** се јави за збор истакнувајќи дека е зачудена како одлуката е донесена со 1 глас „Против“ кога за овие пријави воопшто не се разговарало.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** наведе дека јавноста следи и дека ќе сепродолжи.

Во продолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека согласно чл.12 ст.5 од Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд на гласање го става предлогот да се одбие пријавата на кандидатот Зоран Герасимовски, судија на Апелационен суд Скопје.

По гласањето констатира дека со 6 гласа „За“ и 5 гласа „Против“ пријавата на кандидатот Зоран Герасимовски е одбиена

За збор се јави **членот на Советот Лорета Георгиева и**стакна дека се сомнева во резултатите од гласањето и побара поединечно гласање.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** наведе дека по барање на членот на Советот Лорета Горгиева се пристапува кон поединечно гчасање.

По спроведеното поединечно гласање **Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека со 7 гласа „За“ и 4 гласа „Против“ е донесена следната

**О Д Л У К А**

Пријавата на кандидатот Зоран Герасимовски, судија на Апелационен суд Скопје за избор на судија на Врховен суд на Република Северна Македонија по оглас бр.2470/1 од 12.12.2023 година, објавен во Службен весник на РСМ, бр.270/23 од 19.12.2023 година се одбива како нецелосна.

.

**Претседателот на Советот Весна Дамева**, констатира дека е исцрпена 5-та точка од дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и иодлучување по 6-та точка од Дневниот ред – „Расправа по доставени приговори на решенија за редовно оценување на судии/претседатели на судови врз основа на доставен Извештај на комисијата**“**

**Точка 6**

**Расправа по доставени приговори на решенија за редовно оценување на судии/претседатели на судови врз основа на доставен Извештај на комисијата;**

По однос на 6-та точка од Дневниот ред **претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека во врска со доставени приговори на решенија за редовно оценување на судии/претседатели на судови врз основа на доставен извештај на комисијата за повторно оценувањезбор дава на членот на Советот **Павлина Црвенковска** во својство на претседател на комисијата да го презентира извештајот.

Воедно констатира дека седницата ја напуштија членовите на Советот Лорета Горгиева и м-р Антоанета Димовска.

.**Претседателот на комисијата Павлина Црвенковска** наведе дека согласно со Одлуката за измена на одлуката на Судскиот совет на Решибчила Северна Македонија формирана е комисија за одлучување по приговори поднесени од судиите за редовното оценување за 2019, 2020, 2021 и 2022 година, бр.02-445/2 од 29.12.2023 година, во состав: Павлина Црвенковска – претседател, м-р.Ивица Николовски – член и м-р.Антоанета Димовска – член. Претседателот на комисијата во продолжение наведе дека комисијата по извршениот увид во приговорите го констатирала следното: Од страна на судиите на Управниот суд, приговори биле поднесени од: Есма Алибашиќ Јонуз, Александар Чичаковски, Лидија Ивановска, Тања Терзиева, Билјана Никодиновска Петровска, Дитурије Елези, Валентина Конеска, Благородна Аранѓелова, Марта Телеграվчиска, Ана Герасимовска, Бурим Сејдини, Едита Насковска, Рамије Цара, Ељмедине Асани и Виолета Богојеска, против решенијата за редовно оценување за 2019, 2020, 2021 и 2022 година.По однос на приговорите од судиите од Управниот суд претседателот на комисијата Павлина Црвенковска наведе дека комисијата утврдила дека истите се основани од причина што роковите за постапување по предметите при оценувањето се пресметувани согласно Законот за парничната постапка, а не согласно Законот за управните спорови кој во член 11 предвидува дека „во согласност со начелото на ефикасно работење, судот ќе ја спроведува постапката брзо, без употреба на непотребните дејства и трошоци и ќе ја донесе својата одлука во разумен рок, односно најдоцна во рок од девет месеци од денот на доставување на

списите или создавање услови за одлучување по тужбата“. Од овие причини претседателот на комисијата Павлина црвенковска наведе дека комисијата од Управниот суд побарала да достави податоци од АКМИС системот за завршените предмети за секој од погоренаведените судии по години и во кој рок се завршени, а имајќи го во предвид рокот од 9 месеци. По доставување на пресметките од Управниот суд комисијата утврдила дека очигледно имало влијание на збирот на бодовите од оценувањето на судиите кои поднеле приговори, по што се пристапило кон поединечно пресметување на рокот за навремено постапување за сите погоренаведени судии.Во продолжение претседателот на комисијата Павлина Црвенковска ги презентираше новите пресметки за судиите на Управниот суд за секој судија поединечно. Во таа насока наведе дека приговорот на судијата Есма Алибашиќ Јонуз, е основан. Овој судија за 2021 решила вкупно 289 предмети, од кои во рок 231 предмет или вкупно 80% (и се доделуваат 25 бода). За 2022 година решила вкупно 252 предмети, од кои 180 предмети во рок што изнесува 75% (и се доделуваат 25 бода). На судијата и се доделуват 151 бод. За судијата Александар Чичаковски, претседателот на комисијата Павлина Црвенковска наведе дека приговорот е делумно основан. Појасни дека овој судија за 2021 година решил вкупно 256 предмети, од кои 134 предмети во рок што изнесува 52% (му се доделуваат 15 бода). За 2022 решил вкупно 242 предмети, од кои во рок 78 предмети или вкупно 32% (му се доделуваат 0 бода). Согласно изложеното на овој судија му се доделуваат 136 бода. За судијата Лидија Ивановска, претседателот на комисијата Павлина Црвенковска наведе дека приговорот е основан. Овој судија за 2021 година решила вкупно 324 предмети, од кои 249 предмети во рок што изнесува 77% (и се доделуваат 25 бода). За 2022 решила вкупно 306 предмети, од кои во рок 210 предмети или вкупно 69% (и се доделуваат 15 бода). На судијата вкупно и се доделуваат 157 бода.За судијата Тања Терзиева, истотака наведе дека приговорот е основан образложувајќи ги причините за основаноста. Во таа насока наведе дека за 2021 година судијата решила вкупно 318 предмети, од кои 168 предмети во рок што изнесува 53% (и се доделуваат 15 бода). За 2022 решила вкупно 257 предмети, од кои во рок 159 предмети или вкупно 62% (и се доделуваат 15 бода 15 бода). На судијата и се доделуваат 148 бода. За судијата Билјана Никодиновска Петровска, претседателот на комисијата Павлина Црвенковска  наведе дкеа приговорот е делумно основан . За овој судија појасни дека во 2021 година решила вкупно 276 предмети, од

кои 208 предмети во рок што изнесува 75% (и се доделуваат 25 бода). За 2022 решила вкупно 251 предмет, од кои во рок 122 предмети или вкупно 49% (и се доделуваат 0 бода). На судијата и се доделуваат 143 бода. За судијата Дитурије Елези, претседателот на комисијата Павлина Црвенковска наведе дека приговорот е основан.за овој судија наведе дека во 2021 година решила вкупно 278 предмети, од кои 165 предмети биле решени во рок што изнесува 59% (и се доделуваат 15 бода). За 2022 решила вкупно 252 предмети, од кои во рок 142 предмети или вкупно 56% (и се доделуваат 15 бода). Врз основа на наведеното истакна дека на судијата и се доделуваат 151 бод. За судијата Валентина Конеска, претседателот на комисијата Павлина Црвенковска наведе дека приговорот е основан. Овој судија во 2021 година решила вкупно 263 предмети, од кои 235 предмети во рок што изнесува 89% (и се доделуваат 25 бода). За 2022 решила вкупно 260 предмети, од кои во рок 178 предмети или вкупно 72% (25 бода). На судијата и се доделуваат 157 бода. За судијата Благородна Аранѓелова, наведе дека приговорот е делумно основан од причини што за 2021 година решила вкупно 327 предмети, од кои 252 предмети во рок што изнесува 77% (и се доделуваат 25 бода). За 2022 решил вкупно 327 предмети, од кои во рок 163 предмети или вкупно 50% (и се доделуваат 0 бода). Од овие причини на судијата и се доделуваат 154 бода. За судијата Марта Телегравчиска, претседателот на комисијата Павлина Црвенковска наведе дека  приговорот е неоснован. Појасни дека на овој судија за 2021 година за почитување на рокови му се доделени 15 бода и пресметката е точна бидејќи решила вкупно 285 предмети, од кои 178 предмети  во рок што изнесува 62% и и се доделуваат 15 бода). За 2022 година судијата решила вкупно 254 предмети, од кои во рок 89 предмети или вкупно 35% за што и се доделуваат 0 бода. Од наведените причини пресметаните бодови од 144 се точни. За судијата Ана Герасимовска, наведе дека приговорот е неоснован од причини што за 2021 година на судијата за почитување на рокови и се доделени 15 бода затоа што решила вкупно 276 предмети, од кои 124 предмети се решени во рок што изнесува 45% (и се доделуваат 0 бода). За 2022 судијата решила вкупно 276 предмети, од кои во рок 123 предмети или вкупно 45% за што и се доделуваат 0 бодови. Од наведените причини претседателот на комисијата истакна дека пресметаните бодови од 144 се точни. За судијата Бурим Сејдини, претседателот на комисијата Павлина Црвенковска наведе дека приговорот е основан дополнувајќи дека за 2021 година судијата решил вкупно 318 предмети, од кои 168

предмети се решени во рок што изнесува 53% (треба да му се доделат 15 бода). За 2022 година судијата решил вкупно 289 предмети, од кои во рок 179 предмети или вкупно 62% за што треба да му се доделат 15 бода. На судијата му се доделуваат 200 бода. За судијата Едита Насковска, наведе дека приговорот е делумно основан. Појасни дека овој судија за 2021 година решила вкупно 311 предмети, од кои 260 предмети во рок што изнесува 84% и се доделуваат 25 бода. Дополни дека за 2022 година не и се доделени бодови бидејќи решила вкупно 292 предмети, од кои во рок 140 предмети или вкупно 48% (што изнесува 0 бода). На судијата вкупно му се доделени 155 бода. За судијатаРамије Цара, претседателот на комисијата Павлина Црвенковска наведе дека приговорот е делумно основан. Овој судија за 2021 година решила вкупно 279 предмети, од кои 157 предмети во рок што изнесува 56% и се доделуваат 15 бода. За 2022 година појасни дека на судијата не и се доделени бодови бидејќи решила вкупно 255 предмети, од кои во рок 110 предмети или вкупно 43% (а што се доделени 0 бодови. На судијата и се доделуваат 140 бода. Во продолжение претседателот на комисијата Павлина Црвенковска по однос на судијата Ељмедине Асани, нведе дека поднесениот приговор е делумно основан. Овој судија за 2021 година решила вкупно 195 предмети, од кои 127 предмети во рок што изнесува 65,12% (и се доделуваат 15 бода. За 2022 година судијата решила вкупно 288 предмети, од кои во рок 142 предмети што изнесува 49,3% и се доделуваат 0 бодови. Ова значи дека во решението погрешно и се доделени 15 бода, поради што нема промена во бодовите и остануваат доделените 144 бода. За судијата Виолета Богојеска претседателот на комисијата Павлина Црвенковска наведе дека приговорот всушност преставува барање за исправка на техничка грешка. Појасни дека исправка се бара од причини што во израката на решението бил ставен точен период за пресметка од 3 години, но пресметката на бодови била направена за 4 години, па така наместо доделените 199 бода треба да и се доделат 152 бода

Претседателот на комисијата Павлина Црвенковска наведе дека ќе премине на презентирање на приговорите поднесени од судиите од Основниот кривичен суд Скопје. Во врска со приговорите на овие судии наведе дека комисијата утврдила дека истите се поднесени по повеќе основи. Во таа насока појасни дека еден дел од судиите приговарал на пресметаните бодови по однос на квантитет споредбено со вонредното оценување односно им се доделени бодови согласно Упатството за начинот на постапување за ефективни

работни часови според кое се врши пресметка на квантитативно работење на одреден судија. Ова упатство е донесено од страна на Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на 18.12.2020 година, а објавено на ВЕБ страна на Советот на 21.12.2020 година. Дополни дека друг вид на приговори се поднесени по однос на периодот за пресметување на ефективното работно време од причина што судијата ефективно работел 5 месеци, а бил земен поголем период. Појасни дека во овој случај треба да се направи нова пресметка за ефективното работно време која треба да ја даде самиот суд. Во продолжение истакна дека истотака имало и приговори кои се однесувале на квантитавното работење бидејќи не бил земен предвид фактот колкав временски период судијата работел на определена материја, односно работел 2 месеци, а му е засметана цела година.

Во продолжение **претседателот на комисијата Павлина Црвенковска** ги презентираше поединечно приговорите поднесени од судиите од Основниот кривичен суд Скопје Во таа насока наведе дека судијата Славица Наумова Јосифовска од Основен кривичен суд Скопје не треба да се оценува за 2019 година затоа што цела година била на породилно боледување и користела годишен одмор, а била бодирана со 174 бода, Врз основа на наведенотоа а согласно новата пресметка претседателот на комисијата наведе дека на овој судија треба да му се доделат вкупно 198 бода . За судијата Софче Гаврилова Ефремова од Основен кривичен суд Скопје наведе дека приговорот е делумно основан затоа што во 2022 година наместо 0 бодови за преиначени предмети треба да се и доделат 20 бода или вкупно истата треба да има вкупно 181 бод. , додека приговорите на судиите Илија Трпков, Џенета Бектовиќ, Даниела Алексовска Стојановска, Марија Клетничка, Ленка Давиткова, Оља Ристова, Ивица Стефановски и Лидија Петровска е неоснован. По однос на приговорот поднесен од судијата Даниела Димовска од Основниот кривичен суд Скопје претседателот на комисијата Павлина Црвенковска наведе дека за 2022 година во ставот IV за овој судија не се напишани: решени 30 предмети кривично полнолетни, но се вкалкулирани во пресметката на бодовите која изнесува 57, од кои причини кога ќе се пресметаат повторно сите бодови се добиваат 184 бода, наместо доделените 183. За судијата Марин Станевски наведе дека приговорот е неоснован од причина што пресметките се направени според ефектни работни часови, а не по број на месеци. (при изработката на решението е направена техничка грешка за 2021

година бидејќи доделени му се 80 бодови за квантитет наместо 60 колку што е максимум врз основа на пресметката, поради што му се доделни 189 бода, а реално треба да има 184 бода) дополнувајќи дека е неоснован и приговорот на судијата Душан Јосифов од Основниот кривичен суд Скопје е неоснован. За овој судија појасни и дека во изреката на решението има техничка грешка која треба да се исправи и треба да стои период од 01.01.2019 до 31.12.2022 година..За судијатаИлина Смичковска Илиевска претседателот на комисијата Павлина Црвенковска наведе дека во изреката на решението периодот на оценување треба да биде од 01.06.2021 до 31.12.2022 година, а за 2021 година за квантитет да и се доделат 40 бода, наместо 20 бода. Поради што за целиот период и следуваат вкупно 200 бода. Во делот на приговорот за 2021 година претседателот на комисијата Павлина Црвенковска наведе дека е само делумно основан од причина што предметите и се дадени во Јуни 2021 година и не можело да се земе пресметка од септември 2021 година како што било наведено во приговорот..За судијата Ана Давчевска наведе дека во изреката периодот на оценување треба да биде од 01.06.2020 до 31.12.2022 година. За 2020 година за квантитет да и се доделуваат 50 бода или се вкупно за целиот период  да се оцени со 179 бода. По однос на судијата Тамара Витларова Смилевска о претседателот на комисијата Павлина Црвенковска наведе дека во изреката периодот на оценување треба да биде од 01.06.2020 до 31.12.2022 година. За квантитет за 2020 година треба да и се доделат 40 бода или се вкупно за целиот период да се оцени со 190 бода. За судиите Ненад Савевски наведе дека приговорот му е неоснован затоа што пресметката е направена согласно ЗС и податоците од АКМИС системот.Во продолжение претседателот на комисијата Павлина Црвенковскаги наведе дека има доставено приговори и од други судови во РСМ. Најнапред пристапи кон презентирање на приговорите поднесени од судиите од Основен суд Гевгелија. По однос на приговорите на овие судии наведе дека  приговорот на судијата Злата Попова е неоснован, а неоснован е и приговорот на судијата Марица Аврамчева Зафирова претседател на Основен суд Гевгелија од причини што за периодот кога била претседател и превзела обврка да суди добила максимум 200 бода, а за периодот 2019 и 2020 година оценета е со по 160 бода како судија па кога ќе се пресмета оценката за 4 години точно се  пресметни 180 бода(член 90од ЗС).  За судиите од Основен суд Битола претседателот на комисијата Павлина Црвенковска наведе дека приговорот на судијата Александар

Илиевски од Основен суд Битола е неоснован од причини што пресметката е направена согласно со податоците од АКМИС системот. За приговорот на Благица Ѓошевска судија на Основниот суд Крива Паланка, претседателот на комисијата Павлина Црвенковска наведе дека комисијата утврдила дека и следуваат вкупно 192 бода за сите 4 години од проичина што за квантитет за 2019 треба да се соберат бодовите 20 за работа во ОС Крива Паланка и 40 за работа во Основен граѓански суд Скопје, додека за 2022 година треба да добие 26 бода за работа во ОС Крива Паланка и 20 за работа во Основен граѓански суд Скопје. За судијата Наталија Донева за работа во Основен граѓански суд Скопје истакна дека приговорот е неоснован, како и дека е неоснован приговорот на судија Андреј Димовски е неоснован затоа што за периодот додек бил во судот во Стразбур е оценет само позитивно затоа што согласно Методологијата за оценување на судии не е предвиден критериум за оценување и ефективното работно време епресметно согласно АКМИС системот по број на ефективни работни часови, а не по број на работни месеци. За приговорите поднесени од судиите Маја Денковска и Саша Ѓорѓевиќ од Основен суд Куманово наведе дека се неосновани. Приговорот на судијата Маја Денковска од причини што судијата е оценета со максимална оцена од 200 бода, а на судијата Саша Ѓорѓевиќ од причина што пресметката е направена согласно со бројот на ефективни работни часови и согласно податоците од АКМИС системот. Во продолжение претседателот на комисијата Павлина Црвенковска наведе дека е неоснован и приговорот на судијата Јетмире Ајдини Бошњаку од Апелационен суд Скопје од причина што пресметката била направена согласно податоците од АКМИС Системот и Методологијата за оценување на судиите. За судијата Љупчо Спироски од Основен суд Тетово наведе дека неговиот приговор е основан и треба да му се доделат 200 бода кога ќе се направи пресметка за периодот кога бил времено упатен од Основен суд Тетово во Основен граѓански суд Скопје.Претседателот на комисијата Павлина Црвенковска наведе дека е основан и приговорот на судијата Ацо Тасев судија од Основен суд Штип и дека треба да му се доделат 200 бода кога ќе се направи пресметка за периодот кога бил времено упатен од Основен суд Штип во Основен суд Виница, како и дека се оцднovани приговорите на судиите . Али Алиу, Златко Анѓелкоски и Африм Јакупи судии на Апелациониот суд Гостивар. Судијата Али Алиу во 2020 година бил времено упатен во Апелациониот суд Скопје и за 2020 година остварил норма од 76% или

31 бод поради што треба да му се доделат вкупно 176 бода., а на судијата  Африм Јакупи кој исто така во 2020 година бил времено упатен во Апелациониот суд Скопје и за оваа година остварил норма од 87,51% или 34 бода треба да му се доделат вкупно 178 бода. На судијата Златко Анѓелкоски  за 2020 година треба да му се доделат вкупно 170 бода бидејќи во 2020 година кога бил времено упатен во Апелациониот суд Скопје остварил норма од 100% или 60 бода. За претседателот на Основен суд Дебар, судијата Илир Исени, во 2020 година бил времено упатен во Апелациониот суд Скопје наведе дека приговорот е истотака основан. Појасни дека овој судија не е оценет за работа како претседател кој презел обврска да суди, па така за 2019 година остварил норма од 206,15% односно му се доделуваат 60 бода за квантитет, за преиначени одлуки 35 бода и за укинати одлуки 25 бода. За квалитет на водење постапка нема податоци. За 2020 година остварил норма од 156,01% и му се доделуваат 60 бода за квантитет, 20 бода за преиначени одлуки,35 бода за почитување на законски рокови и за укинати одлуки 20 бода. За квалитет на водење постапка нема податоци. За 2021 година за 3 месеци не е оценет како претседател кој презел обврска да суди. Остварил норма од 352,80% односно му се доделуваат 60 бода за квантитет. За преиначени одлуки 20 бода, за почитување на законски рокови рокови 35% и за укинати одлуки 25 бода. За квалитет на водење постапка нема податоци. За 2019 година како Претседател на суд за 3 месеци за процент на решени предмети добива 20 бода, процент на реализирана програма добива 60 бода, примена на судски деловник добива 40 бода, доследно законско функционирање на АКМИС добива 20 бода, квалитет на донесена одлука во судска управа 20 бода и односи со јавност со транспартентност 15 бода. Со оглед на тоа дека како Претседател на суд е оценет со максимум бодови, му се доделуваат 200 бода.

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** како член на комисијата за повторно оценување сејави за збор и укажа дека  сака да појасни дека кајсудијата Виолета Богојевска од Управен суд има техничка грешка односно дека погрешно се наведени бодовите и треба да се направи пермутација. Во таа насока наведе дека овој судија траба да има 199 бода, а доделени и се 155 бода, затоа што е делено со 4 години, а треба со 3 години.

**Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели** по однос на техничкиот дел даде појаснување по однос на годините кои веќе ги има, истакнувајќи дека се работи за активното работење на судиите кое не било пресметано при првото оценување, а истотака истакна дека и за судиите кои биле делегирани незнае дали е земено во предвид работењето при делегирањето.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека пред да се отвори расправа дотолку повеќе што има и присутна јавност сака да се појасни по однос на приговорите за Управниот суд каде имало техничка грешка со ЕДУСОФТ при пресметката. Во таа насока наведе дека законскиот рок се сметал по закон за парничната постапка а требало по Законот за управни спорови. Дополни дека тука немало дилема ниту кај неа бидејќи ги гледала материјалуите, ниту кај членовите на комисијата. По однос на другиот дел истакна дека приговорите дел се за делегирани судии, дел за породилно и тука се работело за грешки кои што комисијата според статистичките податоци и увид во податоците со кои Советот располага, може да ги исправи.Истакнаи дека не е мериторно одлучување и затоа така се читаат„несонован/основан", а се аргументирани и се нотирани во самиот извештај кој ќе биде објавен на ВЕБ страната на Советот во текот на наредните денови и јавноста ќе може да види.

Во продолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева** отвари расправа по 6-та точка од дневниот ред.

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** истакна дека кај судијата од Управниот суд Виолета Богојевска треба наместо доделените 152 бода да и се доделат 199 бода бидејќи пресметката е правена како за 4 години, а се работи за ефективно работно време од 3 години. Во продолжение истакна дека друго што треба да се појасни е дека дел од судиите биле и вонредно оценувани заради унапредување во повисок суд за конкурсот кој веќе е завршен. Тие биле оценувани согласно Законот за Судски совет и нормата била пресметувана на 10,5 месеци. Во 2021 година била донесена одлука за пресметување на ефективното работно време во работни часови, па кога е правено ова оценување истото е правено за 4 години и истото е правено согласно со ефективното работно време. Многу судии кои што биле вонредно оценувани викале дека при вонредното оценување за истиот период имале повисоки бодови за разлика од

сега...„се работи за неколку бода“... бидејќи првостепената комисија морала да земе некој параметар и за сите го зела параметарот ефективно работно време, а веќе вонредното оценување ја завршило својата функција па комисијата сметала дека тие приговори се неосновани од причини што за сите е земен еден параметар, ефективно работно време. Од овие причини истакна дека за нив како комисија немало дилема и затоа тие биле изгрупирани како основи. Во продолжение членот на Советот м-р Антоанета Димовска како член на комисијата за постапување по приговори наведе дека комисијата немала доволно податоци во системот на Советот кој бил на боледување, а се случувало за време на Ковидот, при што на новоизбраните судии кои формално се распоредени да работат во месец март а фактички предметите ги зеле во јуни бидејќи поради Ковидот не работел судот им се доделени поени. Од тие причини истакна дека комисијата прифатила да им се земе од јуни од кога ефективно работеле со предметите бидејќи сметале дека тоа е реално. Ова било групно. Воедно, наведе дека имало приговори и од судии од Апелационен суд Гостиварза периодот додека биле времено упатени во Апелационен суд Скопје бидејќи недостасувал тој период, па комисијата ги прибавила и тие податоци и направила пресметка заедно со тие податоци. Тоа било случај и за судија од Основен суд Тетово и за судијата Илир Исени кој сега е заменик директор на АСЈО. Појасни дека кај овој судија отсуствувала оцена за еден период кога и судел и бил претседател на судот поради што бил направен пропуст. Од тие причини комисијата го пресметала целиот период и утврдила дека му следуваат 200 бода

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека овие забелешки ќе бидат составен дел на извештајот и истиот така ќе биде ставен на усвојување, но претходно да се исцрпат сите дискусии.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** во продочжение констатира дека на седницата повторно се присутни членовите на Советот Лорета Горгиева и м-р Антоанета Димовска

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова-Илиевска** истакна дека сака да праша и се интересира за приговорт на актуелниот претседател на Основен суд Гевгелија. Дополни дека по однос на овој приговор нема дилеми за останатите наводи освен за наводот на

страница 6 точка 18 во кој дел е кажано дека „приговорот е неоснован бидејќи за перидот кога била и претседател и превземала обврска да суди добила 200 бодови. Дополни дека за овој дел и е јасно зошто приговорот е неоснован, но за периодот од 2019 и 2020 година кога е оценуванакако судија е оценета со 160, односно добива 180 бодови. Во таа насока членот на Советот м-р Тања Чачарова-Илиевска истакна дека не и е јасно зошто како неоснован и е земен и наводот во однос на делот 4.2 каде каде како основа заоценување е бројот на преиначени одлуки во однос на вкупниот број на решени предметиза кои судијата е вреднуван со 15 бодови иако било наведено дека  од вкупно решени 174 предмети преиначени биле 5 предмети што процентуално било 2,9 “%. Во тој случај согласно членот 87 членот на Советот м-р Тања Чачарова-Илиевска истакна дека би требало да добие 20 бода. Постави прашање: „Дали и овој навод е земен во предвид и зошто во овој случај е оценета ако е така како што е наведено во приговорот.

**Претседателот на комисијата Павлина Црвенковска** наведе дека станува збор за преиначен предмет и дека комисијата се водела исклучиво од податоците, калкулацијата од системот.

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова-Илиевска** повторно со оглед дека не се работи за скениран документ постави прашање: „Колку има во системот како податок вкупно решени предмети и колку од нив се преиначени“?

**Претседателот на комисијата Павлина Црвенковска** наведе дека вкупно решени предмети во кривичен совет во претходна постапка  има 50....„зборам за судија“' за 2019 година и дека имало еден преиначен предмет во оваа година.

**Членот на Советот м-р Селим Адеми** истакна дека доколку во овој момент комисијата неможе да даде одговор за овој приговор тогаш предложи истиот да се повлече и да се прочита на наредна седница, а сега да сепомине на другиот материјал кој не е спорен.

**Членот на Советот м-р Ивица Николовски** процедурално се јави за збор. Истакна дека како комисија со оглед на обемноста на приговорите не се во можност на секого да даваат одговор. Во продолжение истакна дека претпочита како во конкретниот случај

доколку некој од членовите на Советот смета дека она што е предложено од комисијата не кореспондира, нека го најде самиот одговорот и нека каже ...„извинете Вие како комисија овде погрешно сте постапиле, грешката се состои од тоа и тоа“... Дополни дека смета дека ако сега секој тргне да поставува прашања тоа ќе нема крај и дека според нехо е подобро секој да каже каде е погрешено од страна на комисијата.

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова-Илиевска** обраќајќи се кон претседателот на Советот укажа дека бара само комисијата да и даде одговор.

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска**побара од членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска повторно да го причита приговорот.

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска** уште еднаш укажа дека приговорот е во делот каде е наведено дека имала решено 174 предмети, а укинато имала 5 предмети што според приговорот се 2,9 %. Во продолжение истакна дека неможе да каже дека комисијата погрешила, затоа бара одговор да и се каже колку имала судијата решени, а колку укинати предмети?

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска**во врска со прашањето начленот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевскаго даде следниот одговор: „ Во 2019 година и по пресметката и по решението добила максимум 25 бода и грешка нема“.

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска** наведе дека според приговорот на судијата не се работи само за 2019 година.

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** за 2020 година наведе дека исто добила максимум 25 бода. Дополни дека приговорот е гледан 2 пати и 2 пати е вадена пресметка. 160, 160, 173 бода, па потоа како претседател.

**Претседателот на комисијата Павлина Црвенковска** наведе дека точно е дека толку има решено предмети, но бодовите доделени со решението се максимум бодови кои може да ги добие.

**Членот на Советот м-р Ивица Николовски** како член на комисијата повторно нагласи дека како членови на комисијата не се во можност да одговараат на 100  приговори.

**Членот на Советот м-р Селим Адеми**наведе дека доколку членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска добила одговор за тоа што барала и ако е расчистено смета дека треба да се заврши  со дискусиите и извештајот да се стави на гласање. Во продолжение дополни дека доколку одговорот не е прецизен и доколку членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска сепак се сомнева, на што од Претседателот на Советот беше укажано дека членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска не се сомнева  и дека е разјаснето, кое нешто го потврди и членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска.... членот на Советот м-р Селим Адеминаведе ....„тогаш е во ред“.

Во продолжение П**ретседателот на Советот Весна Дамева** постави прашање: „Дали има некој друг од членовите на Советот да посочи одредени околности поради кои што смета дека извештајот не е во ред, а доколку нема ставот да се изрази при гласањето“?

Откако констатира дека никој од членовите на Советот не се јави за збор **Претседателот на Советот Весна Дамева**извештајот по доставени приговори на одлуките за редовно оценување на судии/претседатели на судови за период 2019-2023 година, со воочената забелешка од технички карактер од страна на членот на комисијата м-р Антоанета Димовска го стави на гласање.

По гласањето констатира со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е усвоен извештајот по доставени приговори на решенија за редовно оценување на судии/претседатели на судови за период 2019-2023 година, Дополни дека се задолжува генералниот секретар на Советот преку стручната служба да се изготват решенија за судиите.

**Претседателот на Советот Весна Дамева**, констатира дека е исцрпена 6-та точка од дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 7-та точка од Дневниот ред – „Утврдување на престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија**.**

## Точка 7

**Утврдување на престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија**

По 7-та точка од Дневниот ред П**ретседателот на Советот Весна Дамева** наведе дека **с**огласно евиденцијата со која располага Судскиот совет утврдено е дека судијата Лидија Ивановска, судија на Управен суд на ден на 09.05.2024 година наполнила 64 години поради што се исполнети условите за престанок на судиската функција заради исполнување на услови за старосна пензија .Дополни дека денешната седница е прва наредна седница по датумот на навршување на 64 годишна возраст од страна на судијата.

Отвори расправа по 7-та точка од Дневниот ред.

Откако констатира дека никој од членовите на Советот не се јави за збор **Претседателот на Советот Весна Дамева** со оглед на околноста дека станува збор за одлука која не се носи со гласање, туку станува збор само за констатирање, констатира дека е донесено следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува престанок на судиската функција на Лидија Ивановска, судија на Управен суд на 15.05.2024 година, поради исполнување на услови за старосна пензија.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека е исцрпена 7-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на разгледување и одлучување по 8-та точка од Дневниот ред – „Донесување на одлуки за избор на судии поротници на Основен суд Кавадарци и Основен суд Струмица**.**

## Точка 8

**Донесување на одлуки за избор на судии поротници на Основен суд Кавадарци и Основен суд Струмица**

**Претседателот на Советот Весна Дамева** во врска со 8-та точка од дневниот ред збор даде начленот на Советот м-р Антоанета Димовска, кординатор за следење на работата на Основен суд Кавадарци.

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** истакна дека Основниот суд Кавадарци содопис СУ.бр.4-09/24 од 22.04..2024 година до Советот доставил предлог листа на кандидати за судии поротници кои ги исполнуваат законските услови да бидат избрани за судии поротници. Наведе дека како координатор за следење на работата на Основен суд Кавадарци ја разгледала листата на кандидати по што констатирала дека пријавените кандидати Дивна Настова со завршено средно образование, Мимоза Богоевска со завршено средно образование, Билјана Соколовасо завршено средно образование, Соња Мицева со завршено средно образование, Јулијана Димитрова Стојкова со завршено високо образование, Диме Крстев со завршено високо образование, Јован Костов со завршено високо образование, Фердинанд Чејков со завршено свисоко образование, Даница Витанова Богева со завршено високо образование, Гоце Недев со завршено средно образование, Елизабета Бошкоска со завршено средно образование, Марија Камчева со завршено високо образование, Драган Коцевски со завршено средно образование, Бислим Ќесаси со завршено високо образование, Марија Пончева со завршено средно образование иЕлизабета Атанасовасо завршено средно образование ги исполнуваат законските услови. Предложи листата на судии поротници да се стави на гласање. **Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** истовремено информираше и дека на ден 09.05.2024 година од Основниот суд Кавадарци е пристигнат допис со кој ВД претседателката на судот барала поскоро да се изврши изборот на судиите поротници поради недостаток на судии поротници во судот со што се оневозможувала неговата работа.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** отвори расправа по 8-та точка од дневниот ред во делот на изборот на судии поротници на Основен суд Кавадарци.

Откако констатира дека никој од членовите на Советот не се јави за збор, **Претседателот на Советот Весна Дамева** предлогот за избор на Дивна Настова, Мимоза Богоевска, Билјана Соколова, Соња

Мицева, Јулијана Димитрова Стојкова, Диме Крстев, Јован Костов, Фердинанд Чејков, Даница Витанова Богева, Гоце Недев, Елизабета Бошкоска, Марија Камчева, Драган Коцевски, Бислим Ќесаси, Марија Пончева иЕлизабета Атанасова за судии поротници на Основен суд Кавадарци го стави на гласање.

По гласањето констатира дека е со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИИ ПОРОТНИЦИ НА ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ**

За судии поротници на Основен судКавадарци се избрани:

1. Дивна Настова;
2. Мимоза Богоевска;
3. Билјана Соколова;
4. Соња Мицева;
5. Јулијана Димитрова Стојкова;
6. Диме Крстев;
7. Јован Костов;
8. Фердинанд Чејков;
9. Даница Витанова Богева;
10. Гоце Недев;
11. Елизабета Бошкоска;
12. Марија Камчева;
13. Драган Коцевски;
14. Бислим Ќесаси;
15. Марија Пончева и
16. Елизабета Атанасова.

Оваа одлука влегува во сила од 16.05.2024 година.

Со оглед на околноста дека е кординатор за следење на работата и на Основен суд Струмица **членот на Советот м-р Антоанета Димовска** во продолжение го презентира извештајот за избор на судии поротници на Основен суд Струмица.

Во таа насока истакна декаОсновен суд Струмица објавил оглас за избор на судии поротници и со дописСУ .бр. 9/2024- од 17.04.2024 година до Советот доставил предлог листа за избор на 10 судии

поротници кои ги исполнуваат законските услови. Наведе дека како координатор за следење на работата на Основен суд Струмица ја разгледала листата на кандидати по што констатирала дека пријавените кандидати Соња Петрова; Силвана Тупарова; Аница Аризанова; Елизабета Христова; Емилија Пандева; Катерина Андонова; Весна Заева; Костадинка Панова; Драгица Илиева и Катерина Пишева ги исполнуваат условите. Предложи листата на судии поротници да се стави на гласање

**Претседателот на Советот Весна Дамева** отвори расправа по презентираниот извештај за избор на судии поротници на Основен суд Струмица.

Откако констатира дека никој од членовите на Советот не се јави за збор, **Претседателот на Советот Весна Дамева** предлогот за избор на Соња Петрова; Силвана Тупарова; Аница Аризанова; Елизабета Христова; Емилија Пандева; Катерина Андонова; Весна Заева; Костадинка Панова; Драгица Илиева и Катерина Пишева за судии поротници на Основен суд Струмица го стави на гласање.

.По гласањето констатира дека е со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИИ ПОРОТНИЦИ НА ОСНОВЕН СУД СТРУМИЦА**

За судии поротници на Основен судСтрумица се избрани:

1. Соња Петрова;
2. Силвана Тупарова;
3. Аница Аризанова;
4. Елизабета Христова;
5. Емилија Пандева;
6. Катерина Андонова;
7. Весна Заева;
8. Костадинка Панова;
9. Драгица Илиева и
10. Катерина Пишева.

Оваа одлука влегува во сила од 16.05.2024 година.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека е исцрпена 8-та точка од дневниот ред и дека ќе се премине на разгледување и одлучување по 9-та точка од дневниот ред – „Донесување на Одлука за објавување на оглас за избор на претседатели на Основен суд Кочани и Основен суд Охрид“;

“.

**Точка 9**

**Донесување на Одлука за објавување на оглас за избор на претседатели на Основен суд Кочани и Основен суд Охрид**

По однос на 9-та точка од дневниот ред **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна декасогласно чл.47 од Законот за судовите во кој е предвидено дека „оглас за избор на претседател на суд, Судскиот совет објавува два месеца пред истекот на мандатот на постојниот претседтаел на суд“, дополни дека во конкретниот случај се исполнети условите за објавување оглас за избор на претседатели на Основен суд Кочани и Основен суд Охрид од причини што на овие претседатели мандатот им истекува на 10.07.2024 година. Согласно наведеното Претседателот на Советот Весна Дамевапредложи да се донесе одлука за објавување огласза изборна претседатели на Основен суд Кочани и Основен суд Охрид, бидејќи на истите им истекува мандатот на 10.07.2024 година.

Во продолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева**укажа дека може да се донесе одлуката за објавување на оглас за избор на претседатели на Основен суд Кочани и Основен суд Охрид, но истата ќе има дејство по завршување на парламентарните избори, бидејќи претседателските се завршени.

**Претседателот на Советот Весна Дамева во продолжение** отвори расправа по 9-та точка од дневниот ред.

Откако констатира дека никој од членовите на Советот не се јави за збор **Претседателот на Советот Весна Дамева**предложи да се донесе одлука за објавување на оглас за избор на претседатели на Основен суд Кочани и Основен суд Охрид

По гласањето констатира дека со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната

**О Д Л У К А**

ДА СЕ ОБЈАВИ ОГЛАС за избор на претседатели на Основен суд Кочани и Основен суд Охрид

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека ќе се премине на формирање на комисија за проверка на условите и критериумите за избор на претседатели на суд.

Во таа насока истакна дека согласно чл.2 и 3 Правилникот за начинот на формирање на комисија за проверка на исполнетост на условите и критериумите за избор на претседател на суд, како и начинот на работење на комисијата потребно е да се формира комисија. Комисијата е во остав од три члена од редот на членовите со право на глас, избрани по пат на ждрепка, од кои два се од редот на членовите избрани од редот на судиите, а еден од редот на членовите избрани од Собранието на Република Северна Македонија, а од нив по пат на ждрепка се избира претседател.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** предложи да се пристапи кон ждребање.По извршеното ждребање констатира дека е донесена следната

**О Д Л У К А**

Се формира комисија за проверка на исполнетост на условите и критериумите за избор на претседатели на Основен суд Кочани и Основен суд Охрид во состав:

м-р Ивица Николовски– претседател на Комисијата
м-р Селим Адеми – член на Комисијата
Сашко Георгиев - член на Комисијата

**Претседателот на СоветотВесна Дамева** истакна дека е исцрпена 9-та точка од Дневниот ред и дека ќе се продолжи со разгледување и одлучување по 10-та точка од Дневниот ред – „ Одлучување по известување за утврдена фактичка состојба по поднесено барање за утврдување на одговорност на судија/претседател на суд“

**Точка 10**

**Одлучување по известување за утврдена фактичка состојба по поднесено барање за утврдување на одговорност на судија/претседател на суд**

**Претседателот на Советот Весна Дамева** информираше дека за 10-та точка од дневниот ред во смисла на член 39 став 2 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонијае потребно исклучување на јавноста. Во таа насока предложи исклучување на јавноста.

Воедно, констатира дека на седницата не е присутен **членот на Советот м-р Антоанета Димовска.**

**Претседателот на Советот Весна Дамева** предлогот за исклучување на јавноста го стави на гласање .

По гласањето констатира дека со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена одлука за исклучување на јавноста.

**Точка 11**

**Разно**

По однос на точката „Разно“, **Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека никој од членовите на Советот не се јави за збор.

Откако констатира дека во оваа точка од Дневниот ред никој не се јави за збор **Претседателот на Советот** Весна Дамева констатира дека е исцрпен дневниот ред на 486-та седница на Советот и дека истата е завршена во 15,53 часот.

**Напомена:** Тонскиот запис и листингот од гласање се составен дел на овој записник.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Весна Дамева**

Изработил, Емилија Николиќ- Државен советник
Одобрил, Весна Толева- ВД Генерален секретар